Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А

НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СТИВ НАУМОВ” - БИТОЛА

ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА



Август, 2019 год.

1. Вовед

„Изворот за воспитно-образовниот план и програма е детето.
Познавањето на децата го сочинува воспитно-образовниот план и програма
и прво што бараме е знаењето во директната вистина за децата.”
(Рут Чарни)

Прашањето за основната функција на училиштето поаѓа од новата филозофија на живеење и работење каде што од младите луѓе се бара поголема флексибилност, оригиналност, креативност, амбициозност, демократичност, интерперсонални односи, креативност, подготвеност за живот и работа во демократско и мултикултурално општество.

Ако сакаме да ги подготвиме училниците за предизвиците на новиот милениум, училиштето треба да доживее битни промени. Училницата треба да биде место каде ќе им се овозможи на учениците почит и поддршка на индивидуалниот развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики во согласност со современите психолошко-структурални теории за учење притоа водејќи грижа да им се помогне на учениците да градат мултинационални, демократски, креативно-творечки, естетски, етички, истражувачки, еколошки, работни, културни, социо-емоционални и многу други знаења и способности.

Без зависност дали училиштето се наоѓа во урбана или рурална средина, дали е од нова или од стара градба, училиштето треба да има изградено сопствен етос. ОУ ,,Стив Наумов” – Битола е современа, кохерентна, привлечна микроорганизација во која се почитува хуманистичката теорија за личноста, се оценуваат, чуваат наследните традиции, културните обележја, индивидуалните разлики, се стимулираат и промовираат интелектуалните, личните и социјалните способности и вредности на учениците во една работна, демократична, дисциплинирана праведна средина изградена врз интерперсонална комуникација помеѓу учениците, наставниците, родителите, раководството, стручните соработници низ целокупниот наставен процес.

Во училиштето основна и заедничка обврска и должност е на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес како внатрешни или надворешни партиципиенти во зависност од нивната улога со истрајност и меѓусебна соработка да партиципираат и влијаат на квалитетната реализација и конкретизација на воспитно-образовните цели и задачи.

Основните димензии на педагошкото водство во училиштето се насочени на оптимално искористување на емоционалните и духовните ресурси со единствена цел

подобрување на работата на училиштето и постигнување на високи, но возможни едукативни резултати. **Разликите мора да се прифатат како предност а не како негативен елемент.**

Воспитно-образовната дејност во основното училиште е комплексна дејност која ги опфаќа следните подрачја: настава по задолжителни, изборни, воннаставни ученички активности: грижа за здравјето на учениците; соработка со локалната средина; следење, оценување и унапредување на образовно-воспитната работа; стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар; планирање на образовната и воспитната дејност. Овие сегменти се меѓусебно интегрирани и ја прават внатрешната структура на основното образование.

Во организацијата и реализацијата на секое одделно подрачје се поаѓа од целите, задачите, принципите и содржините за организирање на воспитно-образовната дејност, содржани во концепцискиот документ „Основно образование-содржина и организација на воспитно-образовната дејност”.

Организацијата и реализацијата на наставата по одделенија е изведена според програма за: задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна настава, додатна настава, полудневна настава.

Во нашето училиштето се афирмираат моделите на индивидуализирана, диференцирана и акцелеративна настава сѐ со цел да се поттикнуваат учениците кон посложени задачи и повисоки барања во зависност од нивните интереси и способности со перманентно промовирање на постигнатите резултати. Училиштето ја истакнува важноста од идентификација, грижа и работа со надарените и талентираните ученици правејќи разлика од т.н. дидактички просек и инклузивен пристап на деца со посебни едукативни потреби.

Со објективниот избор на изборните и на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Училиштето се концепира на ученикот како активен субјект во наставниот процес кој презема иницијатива, партиципира во изборот на содржините, напредува според своите индивидуални способности, ја развива свеста за личните достигнувања и вредности. Наставниците го прифаќаат новиот стил на работење што е особено важно за квалитетот и квантитетот на учењето, социо-емоционалната клима, културата на училиштето, даваат можност за моделирање на наставен процес со максимално добра организација и реализација на наставниот процес.

Училиштето координирано, плански, систематски ги организира и реализира воннаставните активности. Со менувањето на приоритетите во наставата, основна задача на училиштето е да ја минимализира преоптовареноста на учениците,

воннаставните активности да го добијат своето значење, место и улога, односно да се надмине монотонијата во наставата, да се намали притисокот и стресот од напорната работа на учениците, да им се поттикнуваат интересите, мотивите, потребите за комуникација, самоактуализација.

Проблемот за заштита на животната средина станува еден од најзначајните теми на денешницата. Развивањето на свеста за потреба од заштита на средината истовремено значи и нов однос кон природата. Затоа нашето училиште треба да ја има најодговорната улога во рамките на наставниот процес посебно во подрачјето општествено–корисна работа каде треба да се постават темелите на воспитувањето за средината.

ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО (programma, грчки-цел, распоред по кој нешто ќе се работи) носи атрибут на фундаментален дидактички документ, курикулум кој се темели на стручно-педагошки-психолошки професионализам, користење на педагошко-психолошка литература, анализирање на разни модели на планирање и програмирање, анализирање на нормативни акти, законски прописи, одлуки, заклучоци за основно образование, анализирање на годишните извештаи за работењето на училиштето, познавање на најновите измени и дополнувања на програмските основи, тимско вклучување во планирањето на курикулумот, преземање на заедничка одговорност со наставниците и стручните соработници. Поради јасност, логичност и разбирливост во планирањето постои јасен систем на цели и јасност во работењето, избор на адекватна стратегија за евалвација на очекуваните резултати, полиметодичност, полиморфност. Прецизирани се временските рамки на реализирање на работните задачи, одредени се носителите на активностите, прецизирани се програмите со активности, цели, задачи, очекувани резултати.

Директор
Д-р Дијана Христовска

Референци

1.Д-р Христовска, Д.,: Дидактичко-методичките аспекти на ефективното училиште, Воспитни Крстопати, Скопје, бр.48-49,200

1.1 Лична карта на училиштето


- **Училиште: Стив Наумов - Битола**

- **Адреса: Стив Наумов 93**
- **Телефон: 047/22 33 64**
- **Fax: 047/22 33 64**
- **e-mail: stinaumov@gmail.com**

WEB: http://oustivnaumovbt.edu.mk/



Основното училиште „Стив Наумов” од Битола е едно од најстарите училишта во градот. Низ своето долгогодишно постоење тоа било едно од големите жаришта на писменоста и културата во Битола и Битолско. Во периодот на османлиското владеење на местото каде што се наоѓа основното училиште Стив Наумов-Битола, поточно пред влезот на истото се наоѓало Турско женско работничко каде се школувале ќерките на побогатите турци од овој реон. Зградата била прилично стара и руинирана и билазаградена со висока ограда. Ова училиште постоело сé до 1912 год.



Од 1913 год. со поделбата на Македонија на три дела ова училиште било претворено во српско училиште со настава на српски јазик. Училиштето било четиригодишно училиште и се викало „Арнаут Мале“ според реонот во кој се наоѓало истото. Во 1927 год. училиштето го добива името на големиот српски реформатор „Вук Караџиќ“. Тогаш во ова училиште почнал да учи и Стеван Наумов-Стив. Претежно се школувале машки деца, а школувањето не било задолжително. Во училиштето имало 4 паралелки од прво до четврто одделение и една забавишна група, со по 40 ученици.

Зголемувањето на бројот на учениците, старата руинирана турска зграда и трошењето на големи финансиски средства за одржување, биле причина училиштето да се затвори, но благодарение на солидарноста на граѓаните и општинскиот претседател биле добиени средства за изградба на ново училиште. Од 1934 год. започнала изградбата на новото училиште. Новата училишна зграда била изградена на околу десетина метри западно од од старата. Претходно на тоа место биле изурнати околу 15 стари руинирани турски куќи, за да се расчисти теренот. Била урната и старата турска ограда и наместо неа подигната нова, модерна со бетонски ѕид и ковано железо. Новото училиште со убавата ограда делувало мошне импозантно и освежувачки сред тогашниот примитивен ориентален амбиент. Учителот Јефтим Ристиќ, кој бил управител на училиштето, дал голем придонес за уредување на училишниот двор. Поради убавиот изглед и уреденоста на училиштето истото било третирано како нагледно училиште и често било посетувано од просветните органи и разни комисии.

Училиштето било снабдувано и со вода. За таа цел бил ископан длабок бунар од кој водата со цевки била спроведена до голем метален резервоар што бил поставен на таванот и од истиот биле поставени цевки до чешмата во зградата, во дворот и во бавчата.

По уривањето на старите куќи опфатени со планот за изградба на новото училиште, единствено поштедено било злогласното Зандан-куле. Според легендата, Зандан-кулето било изградено 17 или 18 век. Кулето има квадратна основа. Ѕидовите му се дебели и цврсти, а прозорците тесни и со двојни железни решетки. Во него се влегувало преку подвижна скала. Во почетокот Кулето служело како магацин за оружје на една помала турска воена единица.



Основното училиште Вук Караџиќ со настава на српски јазик работело од 1927 година се до капитулацијата на Југославија, односно до 6.04.1941 година. Училиштето ја продолжува работата, но сега со наставата на бугарски јазик. Напоредно со тоа и името на училиштето било сменето и тоа било прекрстено, па така новото име на училиштето било „Митрополит Григориј”. По ослободувањето на Битола од 4.12.1944, училиштето ја започнува својата работа со настава на македонски јазик, добивајќи го името на некогашниот нејзин ученик, првоборец и народен херој Стеван Наумов – Стив.

1.2 Општи податоци за училиштето

Име на училиштето	ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СТИВ НАУМОВ“- БИТОЛА
адреса, општина, место	УЛ. Стив Наумов бр. 93 Битола
Телефон	047 22 33 64
Фах	047 22 33 64
е-маил	stivnaumov@gmail.com
основано од	Општина Битола
Верификација- број на актот	13-2143
Година на верификација	03.07.1986
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
Година на изградба	1912 г.1934 изградба на ново училиште, доградби 1946 г. и 1984 г.
Тип на градба	Тврда
Површена на објектот	3769,91 м^2
Површина на училшниот двор	7620 м^2
Површина на спортски терени и игралишта	2280 м^2
Училиштето работи во смена	Две смени
Начин на загревање на училиштето	Нафта
Број на одделенија	9-девет
Број на паралелки	36
Број на смени	Две смени
Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)	ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ
Датум на добиен статус	По втор пат на 05.03.2014 г.

Референци

2.Ѓорѓи Лазаревски: 55 години на основното училиште „Стив Наумов” (1944-1999) Битола,1999

1.3 Просторни услови за работа на училиштето

Вкупен број на училишни згради	1- Една
Број на подрачни училишта	Нема
Бруто површина	3769,91 м^2
Нето површина	1497,7м^2
Број на спортски терени	4 – Четири (фудбал, ракомет, кошарка, тенис)
Број на катови	П+1 (приземје + спрат)
Број на училници	20 – Дваесет
Број на помошни простории	4 – помошни, 4 канцеларии, 2 кабинети.
Училишна библиотека	1 - 53,2м^2
Начин на загревање на училиштето	Нафта

Училишната зграда располага со оптимални просторни услови за изведување на воспитно-образовната дејност. Организационата структура на училиштето во најголем дел ги задоволува стандардите за квалитетно изведување на наставата според училишниот курикулум.

Училиштето располага со 21 училница, 4 помошни простории, 4 канцеларии, 2 кабинети, библиотека која зазема 53,2 м^2 од вкупната површина. Во дворна површина од 7620 м^2 која ги опфаќа спортските терени и игралишта. Во училишниот двор постојат објекти (Зандан-куле, повеќевековен чинар-дрво, чешма) за кој е потребно нивно оплеменување и хортикултурно уредување.

Во учебната 2019/2020 година педагошкото водство е насочено на обезбедување на објективни стандардизирани услови за работа и материјално-технички услови. Примарна цел е организирање, оплеменување и создавање на безбедна, чиста, здрава, работна средина за учење, работа и престој во училиште, планирање и програмирање на наставните планови и програми, курикулум, стручен, педагошки персонален развој на наставниците, успех и развој на учениците, партнерство со родители, партнерство со надворешна средина.

Приоритетни цели:

- Надворешна организација

1. Мерки и активности за организирање на обуки за наставници за изработка на ИОП и работа со ученици со ПОП, со потешкотии во учењето и работата, со надарени и талентирани ученици.
2. Обука на членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување.
3. Да се изврши генерално чистење на вкупниот простор со нагласок на санитарните јазли.

4. Да се изврши санирање на таванот и ѕидовите во училница бр.13.
5. Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просторот.
6. Продолжување со процесот на оплеменување, холтикултурно уредување на предниот и задниот дел од училишниот двор;
7. Обновување на фасадата;
8. Реновирање и санирање на делови од кровот кој прокиснува, ставање на нови олуци, керамиди;
9. Бојадисување, санирање на училниците број: 1,2,4,6,7,14,17
10. Изградба на спортска сала, обновување на спортскиот полигон.
11. Оплеменување на просторот околу чинарот и Зандан Кулето.

Во текот на учебната 2018/2019 год. добиен е грант за реализација на проектот: **Квалитетот на воздухот во мојата училница,** со кој се аплицираше на повикот за млади истражувачки и истражувачи. Проектот се реализираше во текот на цела учебна година 2018/2019 и заврши со завршувањето на школската година во јуни 2019 година.
Со средствата кои беа одобрени од страна на **Фондот за иновации и технолошки развој,** се купи опрема и потребни материјали за реализација на истиот. Опремата и лабораторискиот прибор кој се набави се поставија во кабинетот за природни науки кој претходно беше адаптиран, бојадисан, реновиран и подготвен за реализација на часови и активности во него. Набавката се состои од смарт табла, проектор, бела табла, микроскоп, лабораториски прибор за работа на часовите по биологија, природни науки, физика и хемија. Во материјалите имаше и набавка на растенија за хортикултурно уредување на дел од задниот двор на училиштето, што беше во склоп на истражувањето што се вршеше при реализација на проектот, како и цвеќиња за хортикултурно уредување на училниците во кои се вршеа мерењата за истражувањето.

Реализацијата на проектот се состоеше од: поставување на текот на активностите на проектот на електронска платформа Go lab, подготовка, оплеменување и маркирање на простории и создавање соодветни услови во кои се реализираше истражувањето, работилници за субјектите кои беа инволвирани во истражувањето, изработка на чек листи за активностите, анкетни листови за родители, наставници и ученици, изработка на еко прочистувачи на воздух, мерење на квалитетот на воздухот во маркираните простории преку следење на соодветни параметри со инструмент специјален за таа намена. Проектот го реализираа ученици од 8 и 9 одд. заедно со наставниците Силвана Ристевска и Марина Јанеска, носители на проектот.

Во текот на летниот период беше извршена:

1. Чистење на шутот од 5 депонии.
2. Санација, бојадисување на училишноца бр.19.
3. Оплеменување, хортикултурно уредување на предниот и задниот дел од училишниот двор.

4. Генерално чистење на вкупниот простор со санитарните јазли.
5. Дезинфекција на целиот простор.
6. Санирање на таванот и ѕидовите во учулница бр.13 по наредба на Државен просветен инспекторат со решение бр.09-273 од 18.06.2019.

1.4. Материјално - технички услови

Материјално - технички услови (опременоста на училиштето) пр. број на компјутери, нагледни средства, ЛЦД итн.

Материјално технички услови	LCD проектор 3 Камери 1 Фото апарати 1 Лап топ 1 Лаптопи за наставниците 49 Лаптопи за учениците 155 Компјутери 110 Телевизори 5 Графоскопи 1 Касетофони 3 Принтери 6 Телефони 5 Микроскопи 2 Разгласна станица 1 Проекционо платно 1 DVD Плеери 2 10 лаптопи Lenovo 2 desktop компјутери Smart табла 2

Училиштето располага со одреден фонд на наставни средства и помагала како и библиотечен фонд за учениците и наставниците и во континуитет прави напори за доосовременување на училиштето со нови наставни средства и помагала. Бројот на наставните средтства и помагала со кои моментално располага нашето училиште е прикажан табеларно. Мора да се истакне дека треба да се има во предвид брзиот напредок на современото образование и воопшто науката и техниката кои имаат бурен развој кој ние се обидуваме да го следиме во рамките на финансиските способности. Училиштето прави напори тоа да го стори и преку најразлични донации, проекти и слични активности.

Битно е да се спомене дека како и секоја учебна година така и во оваа учебна 2019/20 година бесплатните учебници кои ќе бидат добиени за учениците од страна на

Владата на Р С Македонија ќе бидат распределени на секој ученик поединечно. Покрај постојните наставни средства за што поефикасно и поуспешно реализирање на наставата во училиштето, во училниците располагаме со компјутери чија исправност треба континуирано да се проверува.

Училиштето е поврзано со интернет за непречено одвивање на ИКТ во наставата и има сопствена email адреса и веб-страна.


Во поглед на техничките услови за работа пред почетокот на новата учебна година во училиштето извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории и извршен е санитарен преглед на вработените.

Училиштето и понатаму ќе биде во контакт со ресорното Министерство како и со локалната самоуправа и со сите владини и невладини организации при што би се овозможило посолидно опремување на истото со уште понова технологија и литература, но она што се очекува како донација не може најконкретно да се планира.

Трендот на доопремување на нашето училиште со потребна опрема за изведување на теоретска и практична настава нема да застане, напротив, училиштето и понатаму ќе настојува преку сопствените и други средства да го доопремува и осовременува.


1.5 Мапа на училиштето





Тел/Факс:
047/223-364
Email: stivnaumov@gmail.com
Web: http://oustivnaumovbt.edu.mk/
Училиште: ОУ „Стив Наумов“ - Битола
Адреса:
Стив Наумов бр.93

1.6 План на просториите




ВТОР СПРАТ
ГЛАВЕН ИЗЛЕЗ
СПОРЕДЕН ИЗЛЕЗ

2. Структура на училиштето - Органограм на ОУ „Стив Наумов“ - Битола



Членови на училиштен одбор (име и презиме)	Претседател Магдалена Сајкова – наставник Александар Димитров – наставник Билјана Кузмановска – наставник Марта Крстевска – совет на родители Оливер Сливовски – совет на родители Марија Начовска – совет на родители Розита Радевска – локална самоуправа Сашо Стојковски - локална самоуправа Соња Поповска - МОН
Членови на совет на родители (име и презиме)	1а* 1б* 1в* 1г* Билјана Ангелеска– 2а Никола Пројчевски – 2б Анита Ивановска – 2в Весна Насева – 2г Васка Гркова Лазаревска – 3а Игор Марковски – 3б Петар Коруновски – 3в Анета Ѓурчиновска-3г Петровски Александар - 4а Наташа Стојаноска - 4б Дијана Мале – 4в Билјана Кочовски - 4г Соња Крстевска - 5а Гордана Новачевска - 5б Елена Крстевска Келепуровска - 5в Викторија Филиповиќ - 5г 6а*

	6б* 6в* 6г* Адријана Мањовска - 7а Јасмина Петровска - 7б Зорица Бојаџиевска - 7в Марта Крстевска - 7г Даниела Палашевска -8а Виолета Бошевска – 8б Тони Божиновски – 8в Ана Мирчевска– 8г Маја Чулакова - 9а Роберт Шлакески - 9б Наташа Јовев - 9в Тони Бошевски - 9г
Стручни активи (видови)	Стручен актив одделенска настава – Доста Илиевска Стручен актив јазичари – Дамјана Чикарић Стручен актив биологија, хемија и физика – Маре Жежовска Трајковски Стручен актив математика, техничко образование и информатика – Наташа Лавчанска Стручен актив историја, географија и општествена група предмети – Владо Кузмановски Стручен актив ликовно, музичко, физичко и здравствено образование – Славица Михаилова
Одделенски совети (број на наставници)	1 одд. – 4 наставници 2 одд. – 4 наставници 3 одд. – 4 наставници 4 одд. – 4 наставници 5 одд. – 4 наставници 6 одд. – 4 наставници

	7 одд. – 4 наставници 8 одд. – 4 наставници 9 одд. – 4 наставници
Членови на ученичка заедница (број на ученици)	18
Членови на еко-одбор (број)	15

2.1 Наставен кадар

	Вкупно	**Етничка и полова структура на вработените**									
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Роми**		**други**	
		м	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**
Број на вработени	71	12	56			1					2
Број на наставен кадар	55	9	44								2
Број на стручни соработници	4		4								
Административни работници	2		1			1					
Техничка служба	9	3	6								
Директор	1		1								

Степен на образование на вработени

Образование	**Број на вработени**
Високо образование	59
Виша стручна спрема	3
Средно образование	2
Основно образование	7

Старосна структура на вработени

Години	Број на вработени
20-30	7
31-40	24
41-50	18
51-60	19
61 – пензија	3

2.2 Ученици

Статус на ученик во училиштето се стекнува со запишување во месец Мај за учебната 2019/2020 година. Во учебната 2019/20 година во прво одделение во нашето училиште запишани се вкупно 102 првачиња. Нашето училиште има вкупно 805 ученици распоредени во 36 паралелки од кои 454 ученици во одделенска настава и 351 ученици во предметна настава.

Прегледот на бројот на учениците по одделенија како и етничката и родовата структура на истите е прикажан во наведената табела.

Одд.	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Етничка и родова структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
			М	ж	М	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	4	102	56	43	1			2				
II	4	84	41	41	1		1					
III	4	98	48	46		2	2					
IV	4	99	60	36	1	1	1					
V	4	93	45	44	1	3						
I – V	20	476	250	210	4	6	4	2				
VI	4	87	41	42	2	2						
VII	4	89	44	40	1	1	1	2				
VIII	4	90	44	40		4	1	1				
IX	4	75	32	38	2		2	1				
VI –IX	16	314	167	160	5	7	4	4				
I – IX	36	790	417	370	9	13	8	6				

Училиштето се фокусира на ученикот во наставниот процес кој презема одговорност, партиципира во изборот на содржините, напредува според своите индивидуални способности. Отворената двонасочна комуникација помеѓу наставниците и учениците базирана врз заедничка почит и доверба ги охрабрува учениците за континуирана соработка. Учениците се поттикнуваат на дискусии и дебати, повеќе ќе се стимулираат иницијативите на учениците за истражување, самостојна работа. Нивната мотивација за учење ќе биде поголема со примена на разни форми на учење: индивидуализирано учење, натпреварувачко учење, кооперативно учење. Досегашната ефективност во нашето училиште се изразува со висок степен на систематичност на знаењата, стимулирање на интелектуалните, социјалните способности, стимулирање на воспитните елементи на социјализација, солидарност, хуманост, одржување на работна дисциплина, одговорност, самоиницијатива. Ефективноста во нашата училница се изразува и со поттикнување и негување на детската љубопитност, истрајност, создавање на навики за стекнување на основни знаења, умеења, усмено и писмено изразување. Ефективно се изразува со тоа што се учи и како учат учениците. Поаѓајќи од фактот

дека никој не размислува на ист начин, учениците се третираат подеднакво според нивните психофизички предиспозиции со тоа што добиваат право да носат одлуки и сносат одговорност за сопственото учење.

2.3 Наставен јазик

	Наставен јазик-македонски	Наставен јазик-албански	Наставен јазик- турски	Наставен јазик- српски
Број на паралелки	36			
Број на ученици	790			
Број на наставници	55			

3. Мисија и визија

Мисија ***– Мојата училница – место на знаење, оригиналност, креативност, емпатија, демократичност, избор,поддршка, подготовка за живот.***

Визија ***– Дај ми риба и ќе јадам еден ден, научи ме да ловам и ќе јадам цел живот.***

Мото ***– Разликата е предност, не чекор назад.***

Лого



Слогани:

- **Ретките работи се најскапи**
- **Европски димензии за образование.**
- **Оценување и чување на наследната училишна традиција.**
- **Подготовка на учениците за живот и работа во демократско и мултикултурно општество.**
- **Наставник што охрабрува, мотивира, стимулира, вештини и знаења кај учениците.**
- **Наставник: љубезен, весел, праведен, уреден, трпелеив, непристрасен, креативен.**
- **Педагошко водство: превзема одговорност, поттикнува соработка, прифаќа различни размислувања. Гради колегијална култура, поттикнува предизвици на спротивставени размислувања.**
- **Училиште место за индивидуализирано, натпреварувачко, кооперативно учење.**
- **Училиште што ги почитува и чува наследните традиции, културните обележја, индивидуалните разлики, стимулира и промовира интелектуални, лични и социјални способности и вредности.**
- **Училиште со изградена зрела, креативна, социо-емоционална клима.**
- **Училиште во кое ќе се негува индивидуализирана, диференцирана и акцелеративна настава.**

4. Стекнати искуства

Стекнати искуства:

- Следење на оценувањето, учењето и поучувањето на учениците по одделни предмети
- Уредувањето на кабинети, училишни работилници, игралишта, училишен двор и слично е чекор кон правење на училишната средина на пријатно место за работа, учење и престој;
- Водењето (изведувањето) екскурзии, натпревари, настава во природа и друго поттикнува јакнење на духот и телото кај наставниците / учениците;
- Обезбедување и користење на финансиски и материјални ресурси;
- Организирање на времето и просторот;
- Следење, унапредување и вреднување на воспито-образовниот процес;
- Кооперативност и партиципативност во воспитно-образовната работа;
- Стручен педагошки и персонален успех на наставниците;
- Партнерство и соработка со надворешната средина;
- Следење, влијание врз проблемите и тешкотиите во кои учениците се наоѓаат;
- Влијание врз изборот на современа образовна технологија;
- Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците;
- Редовна комуникација со психолошко-педагошката служба што води кон подобри резултати кај учениците;
- Стимулирање на перманентно стручно усовршување на наставниците;

- Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати (Еко-училиште – добивање на Зелено знаме, Erasmus+, GoLab, Scientix, E-twinning, ОХО, ЕЛКОЛЕКТ- Собирна акција на електронски отпад, МИМО);
- Учество на учениците и наставниците во хуманитарни и еколошки акции води кон подигнување на свеста и соработка со Црвен крст и други невладини организации;
- Иницирање и координирање на современи модели на соработка со заедницата;
- Помагање, советување, менторство на работата на младите неискусни наставници и наставници кои академски се надградуваат.

За учебната 2019/2020 год. во ОУ „Стив Наумов”- Битола, стекнатите знаења и искуства ќе се применуваат:

- Развојно планирање 2020-2024
- Иницијатива за измени на наставните планови и програми
  - Прегледување и усовршување и реализирање на наставните планови и програми по: хоризонтално и вертикална кохерентност.
  - Содржини од учебниците за девет годишно образование
  - Фонд на часови
  - Образовна технологија
  - Надворешна организација
- Следење, координирање, усовршување на редовната, дополнителната, додатната настава;
- Насочување и влијание врз слободното време и воннаставните активности на учениците;
- Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваа во сите области на оценувањето;
- Следење и стимулирање на интелектуалните, социјалните и персоналните способности на учениците;
- Соработка со локалната и поширокатa општествена средина;
- Планирање, програмирање и усовршување на педагошката документација;
- Ги почитувавме законските правила и прописи и ги применувавме новите законски прописи;
- Грижа за безбедноста во училиштето;
- Почитувавње на етичките кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите;
- Оплеменување на училишните објекти.

5. Подрачја на промени, приоритети и цели

Тргнувајќи од искуствата на нашето училиште, а во интерес на нашата визија во училиштето, треба да се направат промени. Во училиштето треба да се направат промени во следните подрачја:

1. Наставни планови и програми
2. Постигање на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување /раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

Ред.бр.	Подрачја на промени	Приоритети
1	Наставни планови и програми	- Професионално усовршување на наставниците - Вклученост на наставниците во изготвувањето на наставните планови и програми - Изготвување на програми за работа со надарени деца и деца со потешкотии при следење на наставата - Современо следење на семинари за професионален развој на наставниот кадар - Набавка и користење на актуелна стручна литература - Соработка со образовните институции во процесите на професионален развој - Изработка на наставни планови и програми со вклучени на еко содржини, застапеност на ИКТ, вклучени содржини од проектот ПМИО, современи форми и методи во наставата, користење на современи стандарди и критериуми за оценување.

2	Постигања на учениците	- Изготвување на полугодишни и годишни извештаи со показатели за постигањата на учениците - Поставување на бројни и еднакви можности за развој и напредок на постигањата на учениците - Стимулирање на учениците за вклучување во проекти и натпревари - Спроведување на активни мерки за подобрување на бројот на оправдани и неоправдани изостаноци - Советување од стручна служба за родители и ученици
3	Учење и настава	- Зајакнување на педагошко-инструктивната работа со наставниот кадар - Поставување на пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата - Реализација на отворени часови - Зголемување на мотивацијата кај учениците да го искажат својот став и преземат одговорност - Воспоставување систем на идентификација на образовните потреби на учениците и нивна примена
4	Поддршка на учениците	- Создавање на безбедна, уредна и пријатна средина за учење - Едукација на учениците за заштита на нивното здравје - Воспоставување на информативен систем во насока на професионален развој на учениците - Поттикнување на надарените ученици за поголем развој на нивните способности - Поголема поддршка за учениците коишто пројавуваат проблеми во совладување на наставниот материјал
5	Училишна клима	– Зајакнување на начинот на комуникација во училиштето – Безбедна и пријатна средина за работа - Утврден систем на вредности и систем на наградување - Воспоставен систем за развивање на позитивни ставови кај вработените

		- Утврден систем за донесување и спроведување на одлуки - Воспоставен систем на отворени и чесни комуникации - Градење взаемно почитување и доверба - Воспоставување на отворена, чесна комуникација - Создавање на уредна и пријатна, современа средина за работа - Стратегија на училиштето да го гради својот имиџ и традиција - Зајакнување на културата на однесување на сите субјекти - Разновидни и еднакви можности за развој на сите ученици - Поставување на слогани и симбол кои го поткрепуваат училиштето
6	Ресурси	- Перманентно аплицирање и обезбедување на финансиска поддршка за подобрување на просторните услови во училиштето - Следење на развојните потреби на кадарот од страна на стручната служба - Донесување на финансов план и извештај за финансиско работење на училиштето - Обезбедување на поголем број материјално - технички средства и помагала - Подигнување на квалитетот на наставата преку реализација на проектни активности кои ќе донесат материјална и финансиска поддршка
7	Управување -раководење со училиштето и креирање на политика	- Изготвување на тимови кои ќе ги следат понудите за обуки и семинари на наставници и новините во стручната литература - Стимулирање на наставниците за вклученост во сите идни проекти, семинари и обуки - Изготвување на форми и модели за приоритетите за

	на училиштето	персоналот за вработување и професионално усовршување - Воспоставување на систем за донесување и спроведување на одлуки - Креирање на училишна политика по насоки на БРО и МОН - Стимулирање на позитивна клима и меѓучовечки односи од страна на раководниот кадар - Спроведување на развојните цели

5.1.Цели на училиштето

Прва развојна цел: Професионален стручен развој на наставниците и стручните соработници - (Обука за стекнување вештини за менаџирање во училница и оценување на учениците, организирање обука на членови на УО заради успешно извршување на улогата на управување-по препорака на ДИП).

Втора развојна цел: Соодветна едукација на наставниците за работа со деца со посебни потреби (организирање на обуки за наставници за изработка на ИОП и работа со ученици со ПОП, со потешкотии во учењето и работа со надарени и талентирани ученици – по препорака на ДИП).

Трета развојна цел: Едукација на наставниот кадар за стекнување познавање на странски јазик.

Четврта развојна цел: Обезбедување на опремена медиотека (смарт табла, проектор, лаптоп, телевизор, двд и сл.) – реализирани 2018/2019 година од страна на фондот за иновации и технолошки развој со што се опреми лабораторијата по природни науки (санирaн просторот од училишната кујна од предизвиканата поплава, отстранети беа оштетените и мувлосани предмети, исчистен и дезинфициран просторот од направената штета, просторот беше бојадисан и адаптиран во лабораторијата за природни науки).

Петта развојна цел: Обновување на фасадата (енергетски ефикасна), уредување на училишниот двор, чистење на шутот од подрумските и таванските простории со депонирање на соодветно место и по изработен идеен проект

реновирана и естетски оплеменета и пуштена во функција по долги години чешмата во дворот (2018/2019 година – донација од Ротари клуб).

Шеста развојна цел: Изградба на спортска сала за нормално одвивање на наставата по физичко и здравствено образование.

Приоритетна цел во текот на учебната 2019/2020 година планирано е:

- Организирање обука на членови на УО заради успешно извршување на улогата на управување.
- Организирање на обуки за наставници за изработка на ИОП и работа со ученици со ПОП, со потешкотии во учењето и работа со надарени и талентирани ученици.
- Подобрување на условите за реализација на наставата по физичко образование – изградба на нова сала.
- Реконструкција на дотраен училиштен кров.

6. Акциски планови

Развојна цел 5: Обновување на фасадата (енергетски ефикасна), чешмата во дворот и уредување на училишниот двор.

Година 2016- 2017							
Задача	**Активност**	**Временска рамка**	**Носител**	**Ресурси**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
1. Создавање нови концепти за работа и изведување на наставата во соодветни и модерни услови за реализација	Чести средби за надминување на проблемите, со кординирање на активностите.	Континуирано	*Директор, МОН, општина Битола, совет на родители*	Спроведување на анкети Организирање на состаноци на одделенски совети Органнизирање на предавања и работилници	Анкети, изготвени работилници предавања	Надминување на проблеми	Директор, стручна служба

2. Активно учество на сите субјекти при реализација на проектот за обновување на фасадата и уредувањето на училишниот двор.	Активности поврзани со целосна реализација на проектот	Континуирано	*Директор, МОН, општина Битола, совет на родители*	Рачни изработки на учениците, одржување на училишни фестови	финансиски извештај од собраните средства	Создавање на соодветни услови за реализација на наставата	Директор, стручна служба
3. Изработка на идеен проектен план за обновување на фасадата, чешмата во дворот и уредувањето на училишниот двор.	Активности за изработка на планот и премер пресметката од страна на стручни лица од бизнис секторот на волонтерска основа	Континуирано	*Директор, МОН, општина Битола, совет на родители*		реализирано	Успешен проектен план и добивање на финансиска помош од МОН за обновување на фасадата, чешмата во дворот и уредувањето на училишниот двор.	
4. Реконструкција на дотраен училиштен кров	Изработка на планот и премер пресметка од страна на стручни лица	Континуирано	*Директор, УО, совет на родители, совет на општина*				

7. План за евалуација на акциските планови

Година 2016- 2020				
Задача	**Критериум за успех**	**Инструменти**	**Индикатор за успешност**	**Одговорен за следење**
1.Обезбедување на обуки за наставниците за работа со деца со потешкотии во учењето и деца со посебни потреби	• Успешни состаноци на стручните активи и одделенски совети • Успешна размена на искуства и новостекнати знаења • Поголем број на реализирани обуки, семинари, работилници	• Работилници предавања, обуки, семинари	Стекнати вештини за работа со деца со потешкотии во учењето и деца со посебни потреби	Директор, стручна служба

2.Унапредување на работата со ученици со потешкотии и деца со посебни образовни потреби	• Изготвена база наподатоци за ученици сопособни образовни потреби • Анализа на успехот на ученици сопособни образовни потреби • Стручно усовршување на наставниот кадар за работа за работа со ученици со посебни образовни потреби	• Листа на податоци за ученици со посебни образовни потреби • Извештај од реализирани активности • Фотографии од реализирани активности • Анкети за потреби нанаставниот кадар од обуки • Извештај од реализирани обуки • Изготвени индивудуални планови за работа со ученици со посебни образовни потреби	Изготвена база соподатоци за ученици со посебни образовни потреби содадените категории Реализирани на обуки на наставен кадар	Директор Помошник директор Психолог Инклузивен тим
3.Унапредување на соработката со родителите за прифаќање на деца со потешкотии и посебни образовни потреби	Остварени средби со родителите и повратна информација за заедничка реализација, остварени средби и контакти со институциите на локалната заедница	Работилници предавања, обуки, семинари	Изготвен план за работа со родители	Директор, стручни соработници,родители

7.1.Критериум за успех

Квантитативни и квалитативни податоци; размена на идеи, искуства, погледи, размислувања со интернет и редовна комуникација на релација локална средина (потесна и поширока); партнерство со родители, стручни органи во училиштето.

7.2 Методи на истражување

- Аналитичко – дескриптивен метод
- Дескриптивно – експикативен метод
- Дескриптивно – компаративен метод

7.3.Техники на истражување

- Анализа на педагошка документација
- Анкетирање
- Интервјуирање (структуирано и неструктуирано интервју)
- Партиципативно набљудување
- Систематско набљудување

7.4. Инструменти

- Евиденциони листи
- Протокол за неструктуирано интервју
- Анкетен лист
- Анкетен лист – скалер
- Тестови (на знаења, способности, на личноста)
- Прашалници

- Скала на процена
- Чек – листа
- Кумулативна таблица
- Листа за рангирање
- Извештај

7.5. Одговорен за следење

Раководен кадар, психолошко – педагошка служба, наставници, родители, надворешни партиципиенти.

7.6. Повратна информација

Квантитативни и квалитативни податоци; дефинирани модели на стручно – перманентни усовршување на наставниците (семинари, обуки, работилници, отворен час).

8. Календар за работа

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование. Во овој календар училиштето одделно ги истакнува деновите кои се неработни. (Календарот за работа Министерството за образование и наука го објавува во Службен весник www.slvesnik.com.mk)



Учебната година во училиштето почнува на 1 септември 2019 година, а завршува на 31 август 2020 година. Наставната година започнува на 2 септември 2019 година и завршува на 10 јуни 2020 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 2 септември 2019 година и завршува на 31 декември 2019 година. Второто полугодие започнува на 21 јануари 2020 година и завршува на 10 јуни 2020 година.

Во времето од 11 јуни до 19 јуни 2020 година училиштето ќе организира дополнителна настава за оние ученици кои на крајот од учебната година имаат по една или две слаби оценки, а од 15 до 23 август 2020 година се организира

подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни или одделенски испити и истите ги спроведуваат.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 1 јануари 2020 година и завршува на 20 јануари 2020 година. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2020 година и завршува на 31 август 2020 година.

На денот на училиштето 27 октомври 2019 г. се организираат културни, спортски и други манифестации и е работен ден на училиштето.

Според календарот за работа во учебната 2019/2020 година неработни денови се:

8ми септември (недела)	Ден на независноста
11ти октомври (петок)	Ден на народното востание
23ти октомври (среда)	Ден на македонската револуционерна борба
27 октомври	Патронен празник
1ви јануари (среда)	Нова Година
17ти април (петок)	Велики Петок
20ти април (понеделник)	прв ден Велигден
1ви мај (петок)	Ден на трудот
24ти мај (недела)	Рамазан Бајрам
24ти мај (недела)	Св. Кирил и Методиј
5ти јуни (петок)	Духовден

- Еколошки календар

5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
8 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната

9. Настава

Наставата во училиштето се реализира според наставниот план и програма од МОН. За успешно реализирање на наставата секој наставник изготвува годишни, месечни, тематски планирања. За следење на истите се реализираат консултативни состаноци со стручната служба - еднаш месечно со цел за подобрување на истите.

Од страна на стручните активи изработен е протокол за предлагање на теми и обуки за професионален развој на наставниците во училиштето и истите се доставуваат во писмена и електронска форма до МОН и БРО.

9.1.Вид на настава

Наставата овозможува да се остварат основните образовни и воспитни активности со учениците. Наставата се реализира преку планирање, подготвување, изведување и нејзино вреднување. Низ наставниот процес учениците на организиран начин се здобиваат со знаења, умеења, вештини и навики. Наставата е основна форма на воспитно-образовната дејност во училиштето. Таа ги опфаќа:

1. Настава по задолжителни предмети
2. Настава по изборни предмети
3. Факултативни предмети
4. Воннаставни ученички активности

9.2 Организација на задолжителна настава

Наставата овозможува да се остваруваат основните образовни и воспитни активности со учениците во училиштето. Во наставниот процес учениците на најорганизиран начин се здобиваат со знаења, умеења и навики. Организацијата и реализацијата на наставата по одделенија е изведена според програма за задлжителни предмети, изборни предмети, дополнителна настава, додатна настава, полудневна настава.

Застапеноста на наставните предмети по одделенија изразени се во седмичен и годишен фонд на часови и произлегува однаставниот план, а целите и содржините од наставните програми.

Оваа учебна година наставата во нашето училиште ќе се изведува во две смени. Првата смена со настава ќе започнува во 7.30 часот, а втората смена во 13.00 часот. Учениците од 1 одд. во претпладневната смена со настава ќе започнуваат во 8.15 часот, а во попладневната во 13.00 часот. Наставниот час ќе трае 40 минути. Во училиштето работи и библиотека. Библиотеката работи од 7.30 до 18.00 часот и на тој начин ги опфаќа двете смени.

Согласно со Календарот за работа во Основното образование во текот на учебната 2019/2020 година ќе се реализираат 180 наставни денови.

Часовите на одделенската заедница се планираат и организираат од 1-во до 9-то одделение со еден час неделно односно 36 часа годишно. Прв задолжителен странски јазик е англиски јазик, а како втор задолжителен странски јазик од шесто одделение се предлагаат германски и француски јазик.

Наставен план

	Одделенија									
Задолжителнипредмети:	I		II		III		IV		V	
Неделно/годишно	н	Г	Н	г	Н	г	н	г	н	Г
Македонски јазик	6	216	6	216	6	216	5	180	5	180
Математика	5	180	5	180	5	180	5	180	5	180
Англиски јазик	2	72	2	72	3	108	3	108	3	108
Природни науки	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72
Ликовно образование	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72
Музичко образование	2	72	2	72	2	72	2	72	2	72
Физичко и здравствено образование	3	108	3	108	3	108	3	108	3	108
Техничко образование							1	36	2	72
Општество	1	36	1	36	1	36	2	72	2	72
Работа со компјутери и основи на програмирањето					2	72	2	72	2	72
Изборни предмети:										
Творештво							1	36	1	36
Вкупно часови:	23	828	23	828	26	1008	28	1008	29	1044
Вкупно предмети	8		8		9		10		10	
Час на одделенска заедница			1	36	1	36	1	36	1	36
Дополнителна и додатна настава			2	72	2	72	2	72	2	72

	Одделенија							
Задолжителни предмети:	VI		VII		VIII		IX	
Неделно/годишно	н	Г	Н	Г	Н	Г	Н	Г
Македонски јазик	4	144	4	144	4	144	4	144
Математика	5	180	4	144	4	144	4	144
Природни науки	2	72						
Техничко образование	1	36						
Ликовно образование	1	36	1	36	1	36	1	36
Музичко образование	1	36	1	36	1	36	1	36
ФЗО	3	108	3	108	3	108	3	108
Англиски јазик	3	108	3	108	3	108	3	108
Втор странски јазик	2	72	2	72	2	72	2	72
Информатика	2	72	1	36				
Историја	2	72	2	72	2	72	2	72
Географија	2	72	2	72	2	72	2	72
Етика			1	36				
Биологија			2	72	2	72	2	72
Граѓанско образование					1	36	1	36
Физика					2	72	2	72
Хемија					2	72	2	72
Иновации							1	36
Изборни предмети:								
Етика во религии	2	72						
Запознавање на религиите	2	72						
Вештини на живеење					2	72	2	72
Изборен спорт					2	72	2	72
Проекти од информатика								
Унапредување на здравјето			2	72				

Проекти од ликовна уметност			2	72				
Вкупно часови	32	1188	30	1080	33	1188	32	1152
Дополнителна и додатна настава	2	72	2	72	2	72	2	72
Час на одделенската заедница	1	36	1	36	1	36	1	36
Училишен хор	3 часа неделно, 108 часа годишно							
Училишен оркестар	3 часа неделно, 108 часа годишно							

Нагледни часови

Во училиштето се врши планирање и реализирање на нагледни часови каде што наставниците вршат меѓусебна посета на часови, со цел размена на идеи, искуства, современа образовна технологија и тоа со цел подобрување на наставниот процес.

Се реализираат редовни консултации помеѓу наставниците во соработка со стручната служба и директорот во училиштето за подобрување на дневните подготовки, месечните и годишните планирања и останатата педагошка евиденција.

Одделенска настава ја сочинуваат 20 наставници и тоа:

Име и презиме	**1**	**Полн фонд на часови**
Даниел Митревски	1а	

Име и презиме	**1**	**Полн фонд на часови**
Пацка Трпковска	1б	

Име и презиме	**1**	**Полн фонд на часови**
Доста Илиевска	1в	

Име и презиме	**1**	**Полн фонд на часови**
Весна Котевска	1г	

Име и презиме	**2**	**Полн фонд на часови**
Наташа Костовска	2а	

Име и презиме	**2**	**Полн фонд на часови**
Гордана Трифуновска	2б	

Име и презиме	**2**	**Полн фонд на часови**
Никола Пискачев	2в	

Име и презиме	**2**	**Полн фонд на часови**
	2г	

Име и презиме	**3**	**Полн фонд на часови**
Анжелика Петковска	3а	

Име и презиме	**3**	**Полн фонд на часови**
Снежана Димитровска	3б	

Име и презиме	**3**	**Полн фонд на часови**
Весна Стојановска	3в	

Име и презиме	**3**	**Полн фонд на часови**
	3г	

Име и презиме	**4**	**Полн фонд на часови**
Виолета Цветановска	4а	

Име и презиме	**4**	**Полн фонд на часови**
Гордана Гецовска	4б	

Име и презиме	**4**	**Полн фонд на часови**
Наташа Цветковска	4в	

Име и презиме	4	Полн фонд на часови
Зоре Ѓоргиевска	4г	

Име и презиме	5	Полн фонд на часови
Лилјана Трајчевска	5а	

Име и презиме	5	Полн фонд на часови
Билјана Кузмановска	5б	

Име и презиме	5	Полн фонд на часови
Јасмина Гочевска	5в	

Име и презиме	5	Полн фонд на часови
Оливера Филиповска	5г	

Предметна настава ја сочинуваат 32 наставници и тоа:

Македонски јазик

Име и презиме	7	8	Одделенски час	Вкупно
Магдалена Сајкова	7б,г	8 а, б, в	8а	21

Македонски јазик

Име и презиме	7	9	Одделенски час	Вкупно
Ана Динковска - Божиновска	7а	9 а, б, в, г	9г	21

Македонски јазик

Име и презиме	6	8	Вкупно
Христина Мијалчева	6а,б,в, г	8 г	20

Македонски јазик

Име и презиме	7	Вкупно
	7в	4

Математика

Име и презиме	6	8	Одделенски час	Вкупно
Александар Димитров	6 б	8 а,б,в,г	8б	21

Математика

Име и презиме	7	9	Одделенски час	Вкупно
Јованка Вангелова	7 а, б, в, г	9 б	7 а	21

Математика

Име и презиме	6	9	Одделенски час	Вкупно
Маја Димитровска - Атлагиќ	6 в, г	9 а, в, г	6в	23

Математика

Име и презиме	6	Одделенски час	Вкупно
Марина Јанеска	6 а	6 а	6

Историја

Име и презиме	6	7	8	Вкупно
Донка Ѓоргиева	6 а, б, в, г	7 а, б	8 а, б, в, г	20

Историја

Име и презиме	7	9	Вкупно
Владо Кузмановски	7 в, г	9 а, б, в, г	12

Физика

Име и презиме	8	9	Вкупно
Марина Јанеска	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г	16

Хемија

Име и презиме	8	9	Одделенски час	Вкупно
Елица Лазаров	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г	6 б	17

Биологија

Име и презиме	9	Вкупно
Силвана Ристевска	9 а, г	4

Биологија

Име и презиме	7	8	9	Вкупно
Маре Ж. Трајковски	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 б, в	20

Природни науки

Име и презиме	5	6	Одделенски час	Вкупно
Силвана Ристевска	5 а, б, в, г	6 а, г	9 а	13

Име и презиме	6	Вкупно
Елица Лазаров	6 б, в	4

Граѓанско образование

Име и презиме	8	9	Одделенски час	Вкупно
Елизабета Трајковска	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г	7 в	9

Иновации

Име и презиме	9	Вкупно
	9 а,б,в,г	4

Етика на религии

Име и презиме	6	Вкупно
	6 в,г	4

Етика

Име и презиме	7	Вкупно
Гордана Галевска	7 а, б, в, г	4

Англиски јазик

Име и презиме	5	7	Вкупно
Александра Радевска Најдоска	5 а, б, в, г	7 а, б, в	21

Англиски јазик

Име и презиме	8	9	Одделенски час	Вкупно
Габриела Мамакис Петковска	7 а, б, в	8 а, б, в, г	9б	22

Англиски јазик

Име и презиме	3	4	Вкупно
Билјана Спировска	3 а, б, в	4 а, б, в, г	21

Англиски јазик

Име и презиме	2	6	Вкупно
Сања Бундевска	2 а, б, в, г	6 а, б, в, г	20

Англиски јазик

Име и презиме	1	3	7	8	Одделенски час	Вкупно
	1 а,б,в,г	3г	7 г	8 г	7г	18

Географија

Име и презиме	6	7	9	Вкупно
	6 а, б, в, г	7 б, в	9 а, б, в, г	20

Географија

Име и презиме	7	8	Вкупно
Благој Гацовски	7 а, г	8 а, б, в, г	12

Музичко образование

Име и презиме	6	7	8	9	Оркестар	Хор	Одделенски час	Вкупно
Елизабета Груевска	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г	3	3	7б	23

Ликовно образование

Име и презиме	6	7	8	9	Одделенски час	Вкупно
Славица Михаилова	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	8 а, б, в, г	9 а, б, в, г	9 в	17

Проекти од ликовна уметност

Име и презиме	7	Вкупно
Славица Михаилова	7 б, в	4

Физичко и здравствено образование

Име и презиме	7	9	Вкупно
Весна Гецовска	7 а, б, в, г	9 а, б, в	21

Физичко и здравствено образование

Име и презиме	6	8	Одделенски час	Вкупно
Томе Петровски	6 а, б, в	8 а, б, в, г	8г	22

Физичко и здравствено образование

Име и презиме	6	9	Вкупно
Александар Милинг	6г	9г	6

Техничко образование

Име и презиме	5	Вкупно
Дарко Мицески	5 а, б, в, г	8

Техничко образование

Име и презиме	6	Вкупно
	6 а, б, в, г	4

Германски јазик

Име и презиме	6	8	9	Одделенски час	Вкупно
Марија Трпковска Вршковска	6 а,б	8 а, б, в, г	9 а,б,в,г	8в	21

Германски јазик

Име и презиме	6	7	Вкупно
Катерина Маруши	6 в, г	7 а,б,в,г	12

Француски јазик

Име и презиме	7	8	Вкупно
	7 а,б,в,г	8 а,б,в,г	4

Информатика

Име и презиме	6	7	Одделенски час	Вкупно
Дарко Мицески	6 а, б, в, г	7 а, б, в, г	6 г	13

Унапредување на здравјето

Име и презиме	7	Вкупно
Силвана Ристевска	7 а, г	4

Изборен спорт

Име и презиме	8	9	Вкупно
Александар Милинг	8 в, г	9 в,г	8

Запознавање на религиите

Име и презиме	6	Вкупно
Гордана Галевска	6 а, б	4

Вештини за живеење

Име и презиме	8	9	Вкупно
Елизабета Трајковска	8 а, б	9 а, б	8

9.3.Изборна настава

Изборни предмети	Одделение во кое ќе се изведуваат
Творештво	5
Етика на религиите	6
Запознавање на религиите	6
Унапредување на здравјето	7
Проекти од ликовната уметност	7
Изборен спорт	8,9
Вештини за живеење	8,9

9.4. Дополнителна и додатна настава

Дополнителна настава ќе се организира за учениците кои потешко напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знааењата од еден или повеќе наставни предмети. Дополнителна настава ќе се организира во зависност од потребите на учениците од второ до деветто одделение. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година а на крајот од учебната година дополнителна настава ќе се организира за учениците со негативни оценки. Додатна настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати, освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни

предмети. Истата ќе се изведува во текот на наставната година. Сегашните актуелни образовни трендови се повеќе ја истакнуваат важноста од идентификација, грижа и работа со надарените и талентираните ученици. Во програмските основи се разработени сите модели за организирана работа и најдоследно спроведување на современи стратегии, форми и содржини на работа. До 20.09.2019 година ќе биде изработен распоред за додатната и дополнителната настава, кој по донесувањето, станува составен дел на оваа програма.

Наставниот кадар од одделенска и предметна настава, во своите планирања, програмираат часови со примена на ИКТ во наставата со околу 30%, интегрирање на содржини од воспитување за средината, содржини од МИМО од наставните часови по сите наставни предмети.

9.5. Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани

Мултидимензионалноста на надареноста и талентираноста се дијагностицира од страна на психолошка служба со примена на методолошка постапка во која се вбројуваат: препознавањето, проценувањето, евалвирањето, тестирањето, анкетирањето и лекарски и задравствени прегледи. Од инструментариумот се користи: тестови, тестови на знаења, тестови за личност, тестови на креативност.

Училиштето има интерна процедура за идентификување на надарените и талентираните ученици според која се идентификуваат надарените и талентираните ученици. Тимскиот пристап на работа на одделенските и предметните наставници им овозможува селективен и интегративен пристап на ниво на група во која се идентификуваат надарените и талентираните ученици.

Според Процедурата за планирање на програма за работа со надарени и талентирани ученици се изготвуваат индивидуализирани програми за работа со учениците. Наставниците планираат и реализираат содржини по предметите по кои надарените и талентираните ученици покажуваат интерес. Со цел да се унапредува работата со надарени и талентирани ученици во училиштето е формиран тим за работа со надарени и талентирани. Тимот го сочинуваат одделенски и предметни наставници, педагог, психолог и директор.

Индивидуализираните програми за работа со надарени и талентирани ученици ќе бидат анекс во Годишната програма за работа на училиштето.

9.6. Индивидуализирани програми за деца со тешкотии во развојот

Училиштето обезбедува инклузивно образование кое опфаќа: прифаќање на децата со посебни образовни потреби на училишно ниво; флексибилност, релевантност, кохерентност во училишниот курикулум; обезбедување на соодветни наставни средства и помагала; локална инфраструктура на поддршка (мобилни ресурсни асистенти); стручни лица од научни институци, здруженија; оспособување на родителите за активно учество во едукација на своето дете; едукација на родителите за прифаќање на ученикот во средината.

Се изготвуваат индивидуализирани програми за инклузивно образование. Во изготвувањето тимски се вклучени наставниците од одделенска и предметна настава, директорот, педагогот. Формиран е тим за поддршка на реализацијата на програмите и соработка со родителите.

Индивидуализираните програми за работа со ученици со посебни образовни потреби ќе бидат доставени како анекс во Годишната програма за работа на училиштето и ќе се реализираат во текот на целата учебна 2019/2020 година.

9.7. Проекти

Идеална цел на науката е да работи на нејзино техничко-восприемно совршенство со цел идните генерации да бидат посреќни отколку што ние сме биле.

Шарл Луј Монтексије

Развој на науката, техниката, посебно технологијата, достигнува ниво кое условува настанување и воспоставување на нови односи во нашиот образовен систем. Инфорнатичката револуција бара и создава услови од ученикот да се интегрира, да презема одговорност за својот живот,да ги избира оние опции кои водат кон хуманизација на човековото живеење и работење и создавање на нова филозофија на живеење. Присуството на овие фактори налага вклучување во многубројни проекти што ќе овозможат афирмирање на перманентното образование,промоција на талентираните и надарените ученици, почит на хуманистичките вредности, промовирање и развивање на индивидуалните способности и потенцијали на секој човек, имајќи ги во предвид творештвото, креативноста, критичкото мислење, самостојната работа, личниот развој.

Реализирани и тековни проекти ***Наведените проекти ОУ „Стив Наумов“ – Битола ќе продолжи да ги спроведува и во учебната 2019/2020 учебна година.***	
„Зелени училишта 2.0 за одржлива иднина“ **Еразмус+ проект** **КА2 Акција за Стратешко партнерство во училишно образование**	Проектот „Green Schools 2.0 for a sustainable future“ е одобрен проект од Еразмус+ програмата од КА219 Акција за стратешко партнерство во училишното образование од Национална Агенција за европско образование и мобилност. Овој проект започна во октомври 2017 година и нашето училиште ОУ „Стив Наумов“ – Битола заедно работи на проектните активности со уште пет партнер училишта од Италија, Полска, Грција, Романија и Португалија. Главната цел на проектот е подигнување на свеста кај учениците за заштита на просторот во кој учат и живеат преку реализирање на мобилности за учење, споделување на добри практики и спроведување на голем број еколошки акции на тема: вода, воздух, заштеда на електрична енергија, здрава храна, еко-градини. Училиште – координатор на целиот проект е училиштето од Ведано Олона – Италија. Проектот ќе трае до октомври 2020 година. Координатор на проектот во нашето училиште: наставник Силвана Ристевска
Математика со размислување	Проектот има за цел да овозможи совладување на целите по математика на начин и пристап поинтересен за учениците. Обучени се сите наставници од одделенска настава. Наставниците ментори разговараат со наставниците и им даваат сугестии за ефикасно реализирање на проектот преку посета на часови и јавни и меѓусебни дискусии.
Со читање до лидерство	Јазичната и математичката писменост се најважни компетенции кои се развиваат во почетните одделенија од основното образование и се битен предуслов за понатамошниот успех на учениците, во и надвор од училницата. Читањето, покрај тоа што претставува основна животна вештина, претставува и вештина која е неопходна за совладување на сите останати училишни предмети.
	Како Еко-училиште вложуваме во заштитата на животната средина како една од основните вредности за управување и раководење. Училиштето покрај тоа што ги воспитува и едуцира учениците и децата на темата заштита на животната средина, ги едуцира и сите вработени во институцијата и поширокатa заедница. Еко-училиштата

ОХО проект- интеграција на еколошка едукација во образование	теоретското знаење го применуваат во пракса и при управувањето и раководењето ја земаат предвид состојбата и иднината на животната средина. Седумте чекори еко-менаџмент, четирите еко-стандарди или стандардите за одржлив развој кои доведуваат до конкретни и мерливи резултати за училиштата и за поширокатa заедница, како и деветте теми од областа на заштитата на животната средина се водечки принципи. Континуирано учествуваме во сите Еко акции и иницијативи во текот на учебната година и заслужено три пати по ред ја добиваме престижната награда “Зелено знаме“. Координатор на проект: Весна Котевска
ЕЛКОЛЕКТ- Собирна акција на електронски отпад	Се ралиизираат голем број на кампањи и еколошки акции ,,Македонија без отпад“ со цел да се зголеми свеста кај учениците за одржување на чист училишен двор и чиста околина, а воедно и развивање на нивната креативност. Кампања: Собирање на батерии Елколект е лиценциран колективен постапувач со дозвола за постапување со отпадна електрична и електронска опрема и дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање. Основна цел на кампањата е да воспостави финкционален систем за постапување со електичен отпад, со акцент да не се создава дополнителен терет на животната средина и животот и здравјето на граѓаните.
Најголем глобален час	Дејствување во насока на глобалните цели – проект поддржан од Министерството за образование и наука на Р С Македонија во соработка на Уницеф. Целта на овој проект е учениците активно да се вклучат во оваа глобална иницијатива, да разменат мислења и да се запознаат со глобалните цели за одржлив развој. Вклучувањето на учениците во глобалната платформа е на доброволна основа, со цел да се мотивираат учениците за да се приклучат и споделуваат мисли и искуства со своите соученици од светот. Крајна цел е учениците да почувствуваат дека навистина се дел од она што се случува во светот и дека тие се движечка сила за имплементација на целите во иднина.
Јазична писменост	Јазичната и математичката писменост се најважни компетенции кои се развиваат во почетните одделенија од основното образование и се битен предуслов за

	понатамошниот успех на учениците, во и надвор од училницата. Читањето, покрај тоа што претставува основна животна вештина, претставува и вештина која е неопходна за совладување на сите останати училишни предмети.
ENO environment online „Олимпијада за садење дрвја“	ENO е глобална мрежа од училишта со седиште во Финска (од 2000 год. Вклучени се 157 земји со повеќе од 10000 училишта од целиот свет) за одржлив развој чии што цели се: -вклучување на училиштата и заедницата преку активности насочени кон теми од заштита на средината; -зголемување на глобалната свесност и интернационализација; -едуцирање на активното население; - дава можност на училиштата од земјите во развој за активно учество.
E- twinning	Користење на e-twinning платформата како начин наставниците да остварат соработка преку работа на заеднички проекти со училишта во Европа со користење на ИКТ за обезбедување поддршка, алатки и услуги за училиштата. Одговорна институција за оваа платформа во нашата земја е Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е да работи на промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во Република Македонија. Националната агенција со остварување на овие програми придонесува во развојот на заедницата како општество засновано на напредно знаење, со одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, истовремено обезбедувајќи заштита на средината за идните генерации а особено размена, соработка и мобилност во областа на образованието и обуката. Корисници на програмите можат да бидат: ученици, студенти, наставници, професори обучувачи и друг персонал кој е вклучен во било кој дел од образовниот процес, претпријатија и други правни лица вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и други здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела како и здруженија на граѓани и фондации.

Scientix GoLab/NextLab	ОУ ,,Стив Наумов“- Битола е промотор на европскиот проект Scientix наменет за наставниците по природни науки во основно и средно образование ширум Европа. Во Македонија овој проект е достапен од 2014 година и истиот како амбасадор го претставува Силвана Ристевска, наставник по биологија и природни науки во нашето училиште. GoLab/NextLab европскиот проект е менаџиран од конзорциум од институти и научни центри низ Европа, како на пример: University of Twente-Холандија, Europeanschoolnet- Брисел, Nuclio- Португалија и многу други. Овој проект е наменет за учење преку истражување со помош на креирање на експерименти, симулации и простори за учење. Нашето училиште активно се приклучи на неколку европски иницијативи и недели посветени на истражувањето со цел да се зголеми мотивираноста и интересот кај учениците за природните науки. Наставник амбасадор за нашата земја е наставничката Силвана Ристевска
Проект „Млади истражувачи“	„Предизвикот за млади истражувачи“ е во организација на Фонд за иновации и технолошки развој и Владата на Р С Македонија. Мисијата на ФИТР е поттикнување и поддршка на иновациска дејност кај микро, мали и средни, ново-основани претпријатија за забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на компаниите. Целта на проектот е да се одберат најуспешните истражувачки проекти од основните и средните училишта, во рамки на Јавниот повик „Предизвик за млади истражувачи“ кој беше отворен од 31 ноември 2017 година до 15 февруари 2019 година. Проектот на ОУ „Стив Наумов“ – Битола, „Квалитетот на воздухот во мојата училница“ беше одбран во 20 најуспешни истражувачки проекти и ќе почне да се реализира од септември 2019 година. Одговорни наставници- координатори :Силвана Ристевска и Марина Јанеска.
Меѓуетничка интеграција на младите во образование	Проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) ќе ја подобри меѓуетничката кохезија меѓу младите во Македонија преку создавање услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански

(МИМО)	вредности. Активностите на МИМО ќе бидат насочени кон идентификување на потребните интервенции кои ги поддржуваат постојните државни и локални политики и практики во однос на меѓуетничката интеграција и граѓанското образование на ниво на училиште и заедница. Взаемно поврзаните активности на Проектот ќе се реализираат во три компоненти. Компонентата 1 - има за цел да ја зајакне меѓуетничката кохезија во образовниот систем. Оваа компонента ќе обезбеди континуирана поддршка на работната група на МОН за меѓуетничка интеграција во образованието и на општините на локално ниво. Покрај тоа, ќе обезбеди можности за училиштата да работат и соработуваат едни со други во креирањето подобра етничка кохезија и во зајакнување на граѓанските вредности. Компонентата 2 - како што соопштуваат од Министерството, има за цел да ја зајакне граѓанската култура и однесување кај младите на ниво на училиште и заедница. Оваа компонента ќе вклучи измени во наставните програми за граѓанско образование и ќе воведе методи за вклучување на учениците во процесот на донесување одлуки на ниво на училиште и заедница. Компонента 3 – ќе обезбеди поттик за училиштата и заедниците. Со цел да се постигнат двете основни цели на проектот – подобрување на меѓуетничката кохезија и помагање во развојот на демократските и граѓански вредности и однесувања кај младите. Овој проект е со времетраење од пет години, во периодот од 2017 до 2022. Координатор на проект: наставник по информатика Дарко Мицески
Проект ,,Erasmus+“	Еразмус+ е името на новата програма која ги обединува ЕУ програмите за образование, обука, млади и спорт во периодот 2014-2020. Одговорна институција за оваа европска програма во нашата земја е Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Програмата Еразмус+ нуди за учесниците различни можности за образование, обука, настава, меѓународна соработка и развој на меѓународни проекти и иницијативи. Целта на програмата е да промовира

	меѓународна соработка на лица и да ја зголеми соработката помеѓу различните организации вклучени во високото образование во Европа. КА2 Акција – Стратешки партнерства во училишно образование. Проектот ”Green schools 2.0 for a sustainable future” од К2 акцијата го работиме заедно со уште 5 училишта од Италија, Романија, Грција, Полска и Португалија. Времетраење на проектот е 24 месеци односно од октомври 2017 до октомври 2020 година. КА1 Акција: Подготовки за апликации за професионална обука на наставниот кадар во К1 акцијата како партнер училиште.
Градиме мостови	Проектот Градиме Мостови – “Building Bridges Fund” (BB) отвора лесни можности за општините, учениците, наставниците, родителите, градинките и училиштата кои сакаат да организираат заеднички активности вклучувајќи ученици од сите свои заедници кои следат настава на различни наставни јазици. Фондот Градиме Мостови е заеднички проект отпочнат од Министерството за образование и наука, Владата на Швајцарија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, кој понатаму беше поддржан и од Владата на Ирска. Сега, активни поддржувачи на Фондот се Амбасадата на Кралството Холандија, како и Владите на Австрија и Соединетите Американски Држави, покрај Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Соработка и размена на идеи со ОУ ,,Гундесбунд” – Лунд Шведска	Цели на оваа размена се да се подобри воспитно-образовниот систем преку размена на идеи и искуства помеѓу учениците и наставниците од двете училишта и да се подобри меѓународната соработка.

9.8. Работа на дневниот престој

Во ОУ ,,Стив Наумов” - Битола работи дневен престој. Одговорни наставници во дневниот престој се Соња Алтипармакова и Пецо Велевски – одделенски наставници.

Во учебната 2019/2020 година дневен престој ќе посетуваат околу 70 ученици од I до III одделение по претходно добиена согласност од родителите.Во интерес на учениците во нашето училиште се згрижуваат и ученици од IV и V

одделение кои при посетата се вклучуваат во целокупните активности на дневниот престој. Во текот на целата учебна година учениците ќе бидат згрижени од 07:00h до 17:00h.

Задачи за работа кои ги реализира дневниот престој се: згрижување на учениците, создавање работни навики, прецизност, самостојност, проширување на знаењата и помош за успешно совладување на наставниот материјал.

Учениците имаат можност за слободно творење по катчиња, изработка на цртежи во ликовно катче, побрзо и полесно описменување, играње креативни колективни игри, читање и пишување. Во дневниот престој учениците пишуваат домашна работа, вежбаат, решаваат наставни ливчиња. Се реализираат и слободни активности: читање енциклопедии, гледање и анализа на едукативни филмови, играње колективни-едукативни игри, прошетка до блиска околина, пеење песнички и друго. Наставниците од дневниот престој прават проверка на домашните задачи, ги повторуваат и утврдуваат знаењата на учениците. Учениците од дневниот престој често го посетуваат училишниот двор каде вежбаат физички вежби за релаксација и рекреација. Покрај сите овие активности учениците имаат време за одмор и ужинка. На крајот, престојот завршува со испраќање на учениците.

Во секојдневната работа се користат сите нагледни средства со кои располага училиштето. Планирана е реализација на активности за работа со компјутери, со кои преку дидактички игри учениците се стекнуваат со нови знаења, ги проверуваат, систематизираат и прошируваат своите знаења.

Педагошката евиденција и документација се води во дневник за работа во кој се запишува какви активности биле завршени во текот на денот.

Наставниците од престојот соработуваат со одделенските наставници и со педагогот со цел да се консултира за било каква промена кај учениците. Директорот треба да биде во тек со организацијата, педагошко-психолошките, социјалните и здравствените потреби на учениците во престојот. Затоа наставникот треба да иницира средби со директорот секогаш кога има проблем за разрешување.

За да се разменат информации за напредокот на учениците во дневниот престој, како и специфични манифестации што ученикот ги пројавува во слободното време, потребни се индивидуални и групни средби на наставниците со родителите. На овие средби доминираат прашања за успехот и поведението на учениците.

9.9. Проширена програма (Организирано прифаќање и заштита)

Како резултат на потребите на учениците и родителите и законската обврска на училиштето да организира проширена програма за учениците од одделенска настава ќе се реализира организирано прифаќање и заштита на

учениците еден час пред почетокот на наставата и еден час по завршувањето на наставата во согласност со потребите на родителите. Училиштето изготвува распоред на одделенски наставници кои ќе вршат прифаќање на учениците. ***Прилог кон Годишната програма е проширената програма за прифаќање на учениците 1-3 одделение.***

9.10. Поврзување на еколошката програма со редовната настава

Со цел успешно да продолжи реализацијата на програмата за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ во нашето училиште редовно се врши анализа на животната средина, односно моменталните услови во училишната зграда, училишниот двор и во однос на добиените резултати се избираат соодветни точки на акција од сите еко стандарди.

Во целокупната SWOT анализа активно се вклучени, членовите на еко-одборот, наставниците и учениците при што преку работилници и соодветни состаноци се одредуваат јаките, слабите страни, заканите и можностите на училиштето.

Со цел подигнување на свеста кај учениците и локалната средина во училиштето постои посебна програма за Поврзувањето на еколошката програма со редовната настава ќе биде дадено во ***прилог на Годишната програма за работа на училиште***

9.11. Употреба на ИКТ во наставата

Сите наставници во своите предметни планирања уредно ги планираат и користат ИКТ – техниките, соодветно предметот.

10.Оценување

10.1. Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците претставува процес на собирање и интерпретирање информации за учењето и постигањата на учениците, коишто се користат за: информирање на учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите; обезбедување поддршка на наставниците за да ја модификуваат својата настава; информирање на другите надлежни структури коишто донесуваат одлуки за образовната политика што се однесува на учениците.

Оценувањето е составен дел на наставниот процес и истото треба да биде праведно, транспарентно, валидно и релијабилно.

Оценувањето на учениците е квантитативно (бројчано) и квалитативно (описно, во вид на микросумативни записи). Оценувањето се изведува континуирано во три периоди, и тоа:

- ✓ во првиот период во текот на учебната година учениците се оценуваат описно, а исто така на крајот од учебната година добиваат свидетелства со описни оценки.
- ✓ во вториот период, на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, учениците добиваат бројчани оценки, додека на крајот од првото и третото тримесечие се оценуваат описно.
- ✓ во третиот период, на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, како и на крајот на двете тримесечја, учениците добиваат бројчани оценки.

Нашето училиште изработува план за писменото оценување при што се земаат предвид законските ограничувања (дневно најмногу по една, а седмично по две писмени работи).

Месеци	**9**	**10**	**11**	**12**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**
Одделение	**VI**									
Предмет										
Македонски јазик			**II**				**IV**		**II**	

Математика			**II**	**IV**				**I**		**I**
Англиски јазик										
Германски јазик				**I**					**I**	
Француски јазик				**II**			**IV**		**III**	
Одделение	**VII**									
Предмет										
Македонски јазик				**I**			**IV**		**I**	
Математика			**I**	**V**			**IV**			**II**
Англиски јазик			**III**						**II**	
Германски јазик				**I**					**I**	
Француски јазик			**IV**				**III**		**IV**	
Одделение	**VIII**									
Предмет										
Македонски јазик			**III**				**II**		**II**	
Математика			**I**	**IV**			**III**		**IV**	
Англиски јазик			**IV**				**IV**		**IV**	
Германски јазик				**I**					**III**	
Француски јазик				**III**			**III**		**III**	

Одделение / Предмет	IX									
Македонски јазик			III				III		III	
Математика			I	IV			V			II
Англиски јазик			III				IV		III	
Германски јазик				I					I	
Француски јазик				I			III		IV	

Писменото оценување се одвива преку контролни работи, тестови на знаења, писмени работи, проектни активности, есеи. Усното оценување е секојдневно, при што се оценува квалитетот на знаењата на учениците. Секој наставник спроведува дијагностичко, формативно и сумативно оценување (макро и микро) при што се земаат предвид критериумите и стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Наставниците го евидентираат напредокот на учениците во евидентни листи чија форма е пропишана на ниво на стручен актив. Исто така изработуваат и портфолио за секој ученик и користат чек листи во кои се евидентира знаењето на учениците за секоја наставна единица. Сумативната оценка, наставниците ја заведуваат во одделенските дневници, електронскиот дневник, кварталните извештаи за родителите (евидентен лист) и свидетелствата.

Учениците за својот напредок постојано добиваат усни и писмени повратни информации. На родителите им се даваат реални информации за напредокот на учениците преку индивидуални средби и заеднички родителски средби.

Сите ученици во училиштето ја следат наставата на македонски наставен јазик.

Училиштето формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценување како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Притоа е изготвен план за поддршка на

наставници со слаби резултати од работењето како и за наставниците - иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување. Воспоставена е процедура за поплаки и жалби по добиени оценки која ја спроведува тим составен од стручната служба, одделенски и предметни наставници. Исто така е пропишан и начинот за известување на родителите по жалбите. Ќе се вршат квартални анализи на постигнатите резултати и ќе се вршат споредби со постигнатите резултати во изминатиот период.

Задачите и активностите кои произлегуваат од горе наведеното, реализаторите, ресурсите, инструментите, временските рамки и критериумите за успешно оценување се прикажани во следната табела:

Задачи и актиности	**Рализатори**	**Целна група**	**Ресурси**	**Инструменти**	**Следење Повратна информација**	**Временска рамка**	**Критериуми за успех**
Следење на процесот и улогата на формативното и сумативното оценување	*Директор, педагог, психолог, тим од наставници*	*Наставници од одделенска и предметна настава и ученици*	*Планирања на наставниците, изготвени докази за оценувањето, користење на ИКТ*	*Прашалници, анкети*	*Извештаи*	*Континуирано*	*наставниците го планираат оценувањето*
Следење на примената на стандардите за оценување и користење на ИКТ во наставата	*Директор, педагог, психолог, тим од наставници*	*Наставници од одделенска и предметна настава и ученици*	*Нестандардизирани инструменти за следење на наставата, користење на ИКТ*	*Аналитичка листа*	*Извештаи*	*Континуирано*	*наставниците ги постигнуваат целите*
Следење на примената на етички кодекс во оценувањето	*Директор, педагог, психолог, тим од наставници*	*Директор, педагог, наставници од одделенска и*	*Инструмент за самооценување, користење на ИКТ*	*Скала за проценка*	*Извештаи*	*Октомври, декември, април, јуни*	*учесниците во целната група ги почитуваат принципите на етичност*

		предметна настава и ученици					*во оценувањето*
Координирање на процесот за прибирање информации за учењето (анализа, поддршка, процедура за жалби)	*Директор, педагог, психолог, тим од наставници, комисија од ученици*	*Наставници*	*Користење на ИКТ, Користење на инструменти со критериуми за следење на постигнатоста на знаењата*	*Годишен планер*	*Повратна информација*	*Континуирано*	*наставниците ја планираат временската рамка за проверка на знаењата*

10.2. Самоевалуација на училиштето

На секои две години се реализира самоевалуација според законот за основно образование. Ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите по предлог на директорот, формирана од училишниот одбор.

Самоевалуацијата опфаќа огранизација и реализација на наставата и учењето, постигањата на учениците, професионалниот развој на наставниците, управување и раководење.

Според член 146 за обезбедување на квалитет на наставата, училишниот одбор на секои 4 години донесува програма за развој на училиштето во која се земени предвид резултатите од Самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија, советодавната и стручната помош од Бирото и препораките од извештајот од Интегралната евалуација спроведена од страна на ДПИ.

Во 2020 година училиштето треба да донесе Програма за развој на училиштето.

10.3. Годишни активности

10.3.1. Вреднување на работата на наставникот

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе се однесува на:

- Планирање и подготовка на наставата.
- Настава и воннаставни активности со учениците.
- Оценување на постигањата на учениците.
- Стратегии, методи и техники на работа.
- ИКТ во наставата.
- Соработката со родителите.
- Подготовка на нагледни средства и дидактички помагала.
- Наставникот во улога на одделенски раководител односно раководител на паралелката.

- Водење на педагошка евиденција и документација.
- Учество на натпревари, спортски и културни настани, екскурзии, истражувачки активности, работа на проекти со учениците.
- Учество во Комисии за екстерно и интерно проверување на учениците.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе го врши Директорот, стручната служба, советници од БРО, Државни просветни инспектори, Овластен општински инспектор.

Училиштето има донесено Процедура за следење на планирањето на наставата и следење на дневните подготовки на наставниците. Според Процедурата секој наставник до 1 септември ги доставува годишните глобални и тематско-процесни планирања на наставата, додека наставниците кои за прв пат подготвуваат планирања по Кембриџ програмата треба да достават планирања до 10 во месецот.

10.3.2. Педагошка евиденција и документација

Во текот на учебната година ќе се води и постојано ќе се следи и анализира водењето на педагошката евиденција и документација. Ќе се следи водењето на одделенските дневници на паралелките, редовното и правилно внесување на податоците во електронскиот дневник, Евидентните листови со успехот на учениците во првото тримесечие, полугодие, трето тримесечие, Свидетелства за завршено одделение, Преведници за преминување од едно во друго училиште, Главни книги, Записници од Наставнички совет, Годишни глобални распределенија на наставниците по предмети и одделенија. Стручната служба води педагошки картон и професионално досие за наставниците, а Директорот за стручните соработници.

10.3.3. Стручно усовршување на наставниците и другите стручни соработници

Во Планот за развој на училиштето и Годишната програма на Директорот е предвидена поддршка за професионален развој на секој наставник. Училиштето се вклучува скоро во сите обуки кои се однесуваат на стручно усовршување на наставниот кадар, стручната служба и директорот. На Наставнички совет е формиран Тим за професионален развој кој активно работи во сферата на професионалното усовршување на вработените. Тимот за

професионален развој се состанува ги анализира и ги разгледува потребите за професионален развој и можностите на вработените за усовршување. Во зависност од потребите ќе се организираат и интерни обуки и работилници за професионален развој на вработените. Вработените ќе учествуваат на сите семинари организирани од МОН, БРО, НВО и други институции. Училиштето во рамките на своите материјални можности ќе набави стручна литература која исто така ќе придонесе за професионален и стручен развој на вработените.

10.3.4. Следење и вреднување на постигањата на учениците

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците ќе се врши континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбата во текот на четирите периоди: прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие, крај на учебната година. Учениците од 1 до 3 одделение ќе се оценуваат описно, а учениците од 4 до 9 одделение ќе се оценуваат бројчано на крајот на учебната година. Оценувањето ќе се врши врз основа на стандардите и критериумите утврдени од МОН и БРО и со користење на повеќе методи и техники на оценување. Училиштето ќе организира родителски средби со цел родителите навремено да се информираат за постигањата на учениците.

11. Воннаставна воспитно -образовна дејност

Воннаставната дејност претставува интегрално и значајно подрачје во училиштето и содржи осум рамковни подрачја :

- Слободни ученички активности
- Ученички екскурзии
- Ученички натпревари
- Општествено корисна работа
- Работа на ученичката заедница
- Следење, унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа
- Соработка на училиштето со локалната средина

- Грижа за здравјето на учениците

11.1. Училиштен спорт, слободни спортски активности

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој кај учениците, го зајакнува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска активност и култура на добро држење на телото. Ги задоволува потребите за правилен развој на учениците и тоа преку игрите, спортот, гимнастиката во зависност од интересот на ученикот.

Во организација на Федерација на Училишен Спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на Училишен Спорт на град Битола се организираат натпевари како во колективните (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка, футсал) така и во индивидуалните спортови како: атлетика, карате, џудо,борење,пинг-понг, шах.

Системот на натпревари е предходно утврден од организацијата на ФУСМАК и Сојузот на Училишен Спорт на град Битола и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки Игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат преку целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови каде се одржуваат натпреварите.

Цели на училилишниот спорт се: психофизичкиот развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, изградување навики за здрав живот и спортска активност и култура на добро држење на телото. Ги задоволува потребите за правилен развој на учениците и тоа преку игрите, спортот, гимнастиката во зависност од интересот на ученикот.

Конкретни цели се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, ориентација во простот, експлозивноста, силата, развој на општата моторика и спречување на појава на аномалии (деформитети). Преку правилни изведување на вежбите за позитивен анатомско-физиолошки,функционален и моторички развој, развој на фер-плеј однос и др.

Во рамките на нашето училиште постои училишен спортски клуб кој преку посебна програма на спортскиот клуб ја организира работата со спортските екипи кои години наназад учествуваат во општинските училишни лиги во Битола. Во учебната 2019/2020 година во нашето училиште ќе работат следните спортски екипи: екипа во фудбал (машки и

женски), екипа во одбојка (машки и женски), екипа во кошарка (машки и женски), екипа во ракомет (машки и женски), екипа во футсал (машки и женски). Редовно учествуваме на атлетски натпревари, Кросеви-Пролетен-Есенски, Ноќна трка, шаховските натпревари и Пинг Понг.

Подготовките и тренинзите ќе се одвиваат континуиано во текот на целата учебна година, во зависност од распоредот кој го дава Сојузот на Училишен Спорт на град Битола како и дополнителните активности во соработка со другите училишта од Битола .

Учениците кои ќе земат учество во спортските екипи се селектирани и водени од наставникот по физичко и здравствено образование и одделенските наставници.

Освен училишните спортски екипи и поединци, забележителни резултати постигнуваат и нашите спортисти кои се натпреваруваат во поединечните спортови.

11.2. Слободни активности-секции и клубови (слободни спортски активности)

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на наставниот процес и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Во програмата за работа на училиштето се застапени оние секции и се земаат оние содржини што е можно да се реализираат во училиштето. Основна организациска форма на работа на слободните активности е часот, меѓутоа овде часот ги нема дидактичките карактеристики како во наставата, туку наставата се одвива низ поизразени интеракциски односи, самоиницијативност, заедничка одговорност, самодисциплина. Вкупен годишен фонд е 36 реализирани часови за учениците од 2 до 9 одделение, ќе сереализираат според претходно изготвени програми.

Преку овие активности ќе се постигнат следните цели:

- Потикнување на истражувачка и проектна активност;
- Се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста;
- Се негува доследноста и истрајноста во извршување на задачите;
- Се развива мотив и услов за афирмирање на ученикова личност;
- Се влијае на создавањето навики за правилно користење на слободното време;

- Проширување на стекнатите знаења.

11.3. Табела за евиденција на секции во учебната 2019/2020

Име на секција, клуб	Одговорен наставник	Одделение	Број на учен.
English games club	Сања Бундевска	6	10
Рецитаторска секција	Христина Мијалчева	6 и 8	10
Литературна секција	Ана Динковска Божиновска	7 и 9	10
Секција по германски јазик	Марија Трпковска Катерина Маруши	6,7,8,9	30
Новинарска секција	Магдалена Сајкова	8	15
Writers club	Габриела Мамакис - Петковска	8	5
Секција по француски јазик	Јоланда Ѓорѓевиќ	6,7,8,9	15
Ликовна секција	Одд. наставници од 2 одд	2а,б,в,г	24
Ликовна секција	Одд. Наставници од 5 одд	5а,б,в,г	24
Ликовна секција	Одд. наставници од 3 одд	3а,б,в,г	32
Ликовна секција	Одд. наставници од 4 одд	4а,б,в,г	24

Клуб на млади научници	Силвана Ристевска	6, 7, 9	10
Ликовна секција	Славица Михаилова	6,7,8,9	20
Клуб на млади хемичари	Елица Лазаров	8 и 9	10
Фудбалска секција	Томе Петровски	9	10
Клуб на млади математичари	Александар Димитров	8	2
Одбојка-секција	Весна Гецовска	6,7,8,9	16
Ракомет-секција	Весна Гецовска	6,7,8,9	18
Клуб на млади математичари	Јованка Вангелова	7	9
Клуб на млади физичари	Марина Јанеска	8 и 9	8
Секција на млади историчари	Донка Ѓоргиева	6, 7	12
Млади географичари	Благој Гацовски	8	12
Млади еколози	Маре Жежовска	7,8,9	6
Клуб на музичари	Елизабета Груевска	9	10

11.4. Ученички натпревари

Ученичките натпревари се облик на активности при кои еден ученик или група ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат што подобри резултати.

Ученичките натпревари влијаат на зголемување на интересот на учениците придонесуваат да се развива натпреварувачки дух, да се зближат учениците од разни средини, како и да може да се изврши правилен избор на надарени и талентирани ученици и да се промовираат нивните постигања.

Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари по сите наставни предмети за учениците од 1 до 9 одделение. Според нивото на одржување, ученичките натпревари се од училиштен, општински, регионален, државен и меѓународен карактер. Во учебната 2018/2019 година училиштето изработи брошура **„Залагање и постигнат успех на учениците во воспитно-образовниот процес**” (**во прилог)** во кои се презентирани и промовирани наградените

ученици на сите реализирани натпревари а на крајот на школската година свечено беа промовирани и наградени нивните постигнувања од донатори и спонзори. Училишен тим за награди според утврден правилник и ранг листи избра првенец на генерација кој беше свечено промовиран и награден од член на училишниот одбор. ***Во прилог на ГП е дадена програмата и правилникот за подготовка на ученички натпревар, првенец на генерација како и планот за нивна реализација.***

11.5 Општествено-корисна и хуманитарна работа

Како воспитно-образовна институција, ОУ „Стив Наумов“ се залага за поттикнување на учениците на општествено корисна и хуманитарна работа. Преку реализација на проекти и активности организирани од страна на вработените,родителите учениците во училиштето и се подготвуваат учениците да придонесуваат за подобрување на нашето општество. Се подготвуваат учениците да негуваат почит кон работата, чувство на одговорност, љубов кон природата и природните убавини, да создаваат позитивен однос кон хуманитарните активности. Во однос на тоа, во училиштето ќе се одржуваат следните активности:

Планирани активности	Време на реализација
Акција за донирање на книги и училишен прибор за деца од социјално загрозени	Септември-октомври
Хуманитарна акција за донирање на облека за социјално загрозени семејства	Ноември-декември
Презентација од страна на надворешни соработници за бездомните животни и донаторска акција	Јануари-февруари
Изработка на честитки за жените за обележување на 8ми Март	Март

Садење растенија и органска храна во училишниот двор	Март-април
Маскирање и дефиле на Широк Сокак за обележување на 1ви Април	Април
Хуманитарна акција за донирање средства за хигиена за децата без родители	Септември-Јуни
Учествување на манифестации со во соработка со невладини организации и други училишта	Септември-Јуни
Хуманитарна акција за донирање на храна за социјално загрозени семејства	Мај
Доделување награди и пофалници за постигнат успех на учениците на церемонија	Јуни

Сите активности кои ги планира училиштето се поддржани од Наставнички совет, Ученичка заедница, Училишен одбор и Совет на родители**. *Во прилог на годишната програма е програмата за општествено хуманитарна работа на училиштето***

11.6. Заедница на учениците

Како значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето ги опфаќа учениците од II до IX одд. со теми што сами ќе ги иницираат според нивните потреби, интереси и сознанија. Заедниците на учениците предлагаат и преземаат мерки за подобрување на условите за работа, развиваат и негуваат другарски однос, ги поттикнуваат учениците да го чуваат редот и дисциплината како и училишниот инвентар, да се развива соработката со одделенскиот раководител и другите наставници, придонесува за организирање на општествено-културниот и забавно-рекреативниот живот на учениците. Конституирањето на одделенската заедница ќе се изврши на почетокот на учебната година. На првиот состанок ќе биде избрано раководство што ќе го сочинуваат: претседател, секретар, благајник и двајца членови. Програмата за работа ќе ја изготви раководството на паралелката со помош на одделенскиот раководител. Ученичката заедница презема активности за подобрување на резултатите во наставните и воннаставните активности; редот и дисциплината во паралелката; помош на учениците што заостануваат во учењето; материјална помош; вклучување во слободните активности; активности за подобрување на естетскиот изглед на училницата; соработка со другите ученички заедници во училиштето.

Највисока форма на организирање и дејствување на учениците во училиштето е Ученичката заедница на училиштето која ги опфаќа учениците од II до IX одд. Оваа заедница ќе се конституира откако ќе бидат формирани заедниците на паралелките на демократски начин преку избори на ниво на училиште. Претседателството се состои од претседател, потпретседател и секретар. Училишната заедница ќе ја следи и ќе ја координира работата на ученичките заедници на паралелките. ***Програмата за работа на ученичката заедница ќе биде дадена во програмските прилози кон Годишната програма за работа на училиштето.***

11.7. Екскурзии

Ученичките екскурзии се облик на воспитно-образовна работа преку која учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната средина и во нивните животни услови. Преку нив учениците ги прошируваат своите знаења, се запознаваат со природните убавии и културно-историските знаменитости на поблиската и поширокатa

заедница. Нивната улога и педагошка функција е незаменлива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето пред сé во остварување на воспитно-рекреативната компонента.

Годишната програма за екскурзии ја подготвуваат тим од наставници, по добиените мислења и предлози од стручните активи, советот на родители, БРО, советот на општината а врз основа на Упатството за планирање, организација и реализација на ученичките екскурзии. Се предвидува еднодневен излет со учениците од I до IX одд. со забавен – рекреативен, наставен, комбиниран воспитно-образовен карактер.

Програмата за организирање и реализирање екскурзии предвидена во Годишната програма за работа на ОУ ,,Стив Наумов” – Битола донесена од страна на стручниот тим за 3, 6 и 9 одд. формиран со одлука на Училишен одбор ќе биде дадена ***во прилог на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година***.

12. Поддршка на ученици

Одделенските раководители и раководителите на паралелките водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. За напредокот на учениците се дискутира на состаноците на Советот на одделенски наставници и на Советот на предметни наставници. Одделенскиот раководител/раководителот на паралелката го изнесува успехот на секој ученик поединечно, а Наставничкиот совет по потреба предлага и презема мерки за подобрување на поведението и на постигањата на учениците. За учениците кои имаат негативни оценки по три или повеќе предмети, одделенските раководители и раководителите на паралелките ги поканuваат родителите кои имаат законска обврска да дојдат на советување. Советувањето на родителите го врши психологот врз основа на Законот за основно образование (Програма за советување родители на ученици во основни училишта). На овие совети се издвојуваат (идентификуваат) ученици кои се истакнуваат во својата работа (талентирани ученици) како и ученици кои заостануваат во своите постигања. Учениците се издвојуваат врз основа на проценка направена од страна на наставниците, во соработка со стручната служба и родителите на учениците. Ова зборува дека постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, раководителите на паралелките, предметните наставници и родителите. На секој Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Наставнички совет се дискутира за напредокот на идентификуваните талентирани ученици и учениците со послаби постигања.

Оделенските раководители/раководителите на паралелките подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции на учениците. Изработуваат извештај и анализи на паралелката кои содржат општ успех, среден успех по предмети, среден успех на одделението. Таквите извештаи се достапни на увид на стручната служба, раководниот кадар, сите други наставници, родителите и самите ученици. Вака добиените резултати наставниците ги користат за подобрување на формативното оценување, а со тоа и подобрување на постигањата на учениците. Оценувањето е сеопфатно, ги вклучува когнитивните знаења и ги зема во предвид емоционалните и социјалните димензии на учењето. Оценувањето е правично и транспарентно. Формативното оценување се користи како повратна информација за ученикот, наставникот и родителите, колку добро нешто е научено и да поттикне натамошни планови и активности за учење.

12.1. Постигнување на учениците

Училишниот успех кој учениците го постигнаат по наставни предмети во текот на учебната 2018/2019 година не покажа статистички значајни разлики во однос на успехот по истите предмети кој учениците го постигнаа на екстерното оценување. Анализите на работењето на училиштето направени за потребите на самоевалуацијата на работењето на училиштето укажаа на потреба од реализација на нагледни часови како еден од начините за стручно усовршување на наставниците и унапредување на наставата. За таа цел Стручните активи во својата програма за работа имаат планирано реализација на нагледни часови.

Компаративен приод на успехот, постигањата и бројот на учениците од 1944/45 до 2017/18 година

Учебна година	Одделенија				Вкупно		
	1	2	3	4	ученици	паралелки	наставници
44/45	79	53	45	49	226	5	5
45/46	68	63	57	35	223	6	6
46/47	119	114	78	48	359	6	6
47/48	63	61	67	59	250	4	4
48/49	56	53	62	56	237	4	4
49/50	111	78	101	110	400	8	8
50/51	98	92	86	87	363	7	7
51/52	112	76	93	73	354	9	9
52/53	69	71	75	80	295	8	9
53/54	82	64	71	66	283	8	10

Учебна година	Одделенија								Вкупно			Сред. Успех
	1	2	3	4	5	6	7	8	ученици	паралелки	Наставници	
54/55	79	89	75	66	/	/	/	/	304	8	9	/
55/56	103	77	93	83	/	/	/	/	356	6	7	/
56/57	133	107	92	99	/	/	/	/	431	10	10	/
57/58	142	147	102	99	119	64	/	/	673	17	23	3.49
58/59	141	155	158	109	126	108	93	80	970	24	26	3.47
59/60	162	166	165	163	116	129	100	87	1088	27	29	3.20
60/61	135	175	176	172	182	121	119	96	1176	35	29	3.18
61/62	201	145	179	183	206	197	117	119	1347	33	39	3.18
62/63	188	244	189	219	230	234	182	124	1610	38	48	3.21
63/64	206	219	266	206	242	257	206	185	1787	50	59	3.15

Учебна Година	Одделенија									
	1	2	3	4	5	6	7	8	вкупно ученици	Среден успех
64/65	211	189	203	234	223	244	235	189	1737	3.05
65/66	201	221	193	214	275	221	221	202	1748	3.03
66/67	162	201	216	195	247	268	194	172	1655	2.82
67/68	194	192	234	236	227	249	244	173	1749	3.22
68/69	152	177	183	218	242	224	234	200	1630	3.35
69/70	171	141	178	173	264	240	208	199	1574	3.50
70/71	132	162	143	184	194	211	205	189	1420	3.54
71/72	109	123	150	132	191	182	211	189	1287	3.48
72/73	133	127	136	170	145	190	187	189	1277	3.74
73/74	129	134	122	135	175	139	189	182	1205	3.78

Учебна Година	Одделенија								
	1	2	3	4	5	6	7	8	вкупно ученици
74/75	126	134	143	117	139	176	145	189	1169
75/76	150	135	126	147	139	149	183	140	1169
76/77	136	129	109	133	157	144	107	141	1056
77/78	138	139	141	109	139	163	138	106	1073
78/79	145	139	140	146	121	144	157	136	1128
79/80	169	144	134	138	156	125	145	159	1170
80/81	125	104	106	92	108	112	98	104	854
81/82	163	125	131	109	109	104	113	98	952

82/83	158	160	130	135	109	112	108	115	1027
83/84	113	158	160	131	134	108	113	109	1026
84/85	152	120	156	153	142	132	118	113	1086
85/86	149	150	133	131	136	139	130	122	1090
86/87	168	150	143	134	138	135	141	130	1250
87/88	167	167	153	148	138	136	134	140	1183
88/89	156	164	164	149	142	137	136	134	1182
89/90	153	118	122	134	118	128	120	126	1034

Учебна година	Одделенија										
	1	2	3	4	5	6	7	8	вкупно ученици	паралелки	Среден успех
90/91	137	159	111	121	134	119	129	118	1018	34	4.09
91/92	108	126	152	107	119	130	115	126	983	33	4.16
92/93	143	109	131	153	105	121	132	115	1009	33	4.18
93/94	128	133	112	128	147	103	116	131	1015	34	4.17
94/95	108	130	132	113	123	150	104	116	995	33	4.22
95/96	133	105	124	134	109	124	155	105	988	33	4.21
96/97	115	123	107	124	133	106	124	153	982	32	4.35
97/98	106	115	120	103	126	135	106	124	936	32	4.31
98/99	114	104	114	121	107	127	135	108	931	32	4.34

П Р Е Г Л Е Д

на општиот успех на учениците на крајотод учебната 2017/2018 година

Одд.	Вкупно ученици		1		2		3		4		Вкупно		1		2		3		4		Среден успех
			Одлични		мн. добри		добри		Доволни				со 1 сл.		со 2 сл.		повтор.				
	се	ж	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	неоц.	описно	
I	91	41																			Описно
II	98	37																			Описно
III	94	46																			Описно
IV	87	45	75	86,2	9	10,3	3	3,45													4,89
V	87	42	82	94,3	5	5,74															4,94
I-V	457	211	157	90,2	14	8,05	3	1,15													4,89
VI	87	43	69	79,3	14	16,1	4	4,6													4,74
VII	72	35	50	69,4	18	25,0	4	5,56													4,58
VIII	105	59	61	58,1	33	31,4	11	10,5													4,48
IX	66	36	50	47,6	15	22,7	1	1,51													4,80
VI-IX	330	173	230	69,7	80	24,2	20	6,1													4,63
I-IX	787	384	387	76,8	94	18,7	23	4,56													4,74

П Р Е Г Л Е Д

на општиот успех на учениците на крајотод учебната 2018/2019 година

Одд.	Вкупно ученици		1		2		3		4		Вкупно		1		2		3		4		Среден успех
			Одлични		мн. добри		добри		Доволни				со 1 сл.		со 2 сл.		повтор.				
	се	ж	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	бр.	%	неоц.	описно	
I	84	40																			Описно
II	98	48																			Описно
III	99	36																			Описно
IV	93	47	73	78,5	17	18,3	3	3,22													4,75
V	87	45	77	88,5	8	9,2	2	2,30													4,86
I-V	461	216	150	83,3	25	13,9	5	2,78													4,81
VI	89	44	69	77,5	18	20,2	2	2,24													4,75
VII	90	45	68	75,6	18	20,0	4	4,44													4,71
VIII	75	36	53	70.1	17	22,7	5	6,67													4,64
IX	104	59	76	73,1	23	22,1	5	4,81													4,68
VI-IX	358	184	266	74,3	76	21,2	16	4,47													4,70
I-IX	819	400	416	77,3	101	18,8	21	3,90													4,76

Тргнувајќи од анализата на постигањата на учениците во последните три години од 4 до 9 одд. констатираме дека нема поголеми одстапувања, имено во сите одделенија најмногу бројчано се одлични, мн. добри, добри најмалку се доволни, а додека ученици кои повториле нема.

Постојат предмети по кои учениците постигнуваат послаб успех, заради кои училиштето реализира дополнителна настава. ***Во прилог на годишната програма на училиштето е дадена програмата за подобрување на успехот.***

12.2 Грижа за здравјето на учениците

Цел на училишната програма за грижа на здравјето е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето и локалната заедница да можат да преземат акции за поздрав живот. Целокупната училишна програма за грижа на здравјето има генерална цел унапредување на физичкото, социјалното и менталното здравје на учениците, како и превенција од зависности. Конкретни содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенската заедница, слободни активности и активности планирани за конкретно подрачје.

Училишната Програма за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето, едукација за здрава исхрана, превенција од зависности, бодба против ХИВ/СИДА. Во оваа програма е опфатена целокупната грижа за здравјето на учениците која ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители, ученици, родители, Заводот за здравствена заштита и поширокатa заедница. Во нашето училиште се вршат едукативни предавања кои ги организира училиштето спроведени од наставниците и родителите се со цел да се подобри здравјето на учениците вклучувајќи го и тимот од наставници и одговорни лица во училиштето.

Во текот на наставната година се планира реализација на едукативни работилници од Програмата ,,Образование за животни вештини” со цел подобрување на физичкото, менталното и социјалното здравје на учениците. Низ работилници, советувања, едукации и разговори со учениците на тема здравствена едукација ќе се реализира

програма за превенција на забите и подобрување на општото здравје преку систематски прегледи и советувања на учениците.

Согласно календарот за имунизација даден од Министерство за здравство, организирано се врши имунизација на учениците. Систематските прегледи, ќе бидат реализирани во 1,3,5,7 одделение без да се попречува наставата пред или по завршувањето на часовите. Учениците на систематските прегледи ќе бидат придружувани од одделенскиот раководител или раководителот на паралелката. Со календарот за имунизација и вакцинација, се опфатени учениците од 1,2,7,8 одделение. Одговорно лице од училиштето за следење на реализацијата на Програмата за имунизација што ја доставува Службата за школска превентива до училиштето е педагогот. Според насоките од Министерството се забранува вакцинација во училиштето поради несакани ефекти. По потреба, лекарите од Школска превентива, се јавуваат и закажуваат индивидуално вакцинирање за ученици кои од оправдани причини не примиле вакцина кога тоа го прави целата паралелка.

Програма за грижа за здравјето на учениците како и календарот за имунизација и програмата за соработка со родители во контекст на грижа за здравјето е дадена во прилог на ГП.

13.Училишна клима и односи во училиштето

Една од основните задачи во секоја воспитно - образовна институција е секако негување на позитивна училишна клима. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2019/2020 година во училиштето сите субјекти во воспитно образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките климата ќе биде охрабрувачка, мотивирачка, стимулативна, со цел сите субјекти да се насочат кон позитивни и високи професионални и етички достигнувања.

13.1. Етички кодекси

За да се обезбеди пријатна и професионална средина во уличилиштето се донесени Кодекси за однесување во согласност со Законот за основно образование:

- Етичкиот кодекс за однесување на постигањата на учениците;
- Кодекс за однесувањето на наставниците, учениците и родителите;

14. Професионален развој на образованиот кадар

„Училиштето вреди толку колку што вреди наставникот, затоа важен дел на секоја училишна реформа е зголемувањето на образованието на наставникот.”

Дистервег

Современата концепциска поставеност на ефективното училиште доведува до значително видоизменување на улогата, положбата и позицијата на наставникот. Посебно треба да се нагласи потребата од посветување на доволно време за професионален развој на наставниот кадар за нивно стручно-педагошко усовршување со ефективни семинари, работилници, предавања, изведба на идеите по семинарите во самата училница, предавање со експертизам, прифаќање на тимска работа како најсилна форма на кооперативност.

На Наставнички совет формиран е Тим за професионален развој кој работи во сферата на професионалното усовршување на персоналот. Тимот за професионален развој се состанува и ги разгледува потребите за професионален развој, можностите на вработените за усовршување, потребите и можностите за сертификација.

14.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Следењето на развојните потреби на кадарот е солидно. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директор и педагог, увид во планирањата од страна на стручната служба и директорот, увид во работата на стручните активи итн. Образовниот кадар во нашето училиште навремено ги утврдува и наведува потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и локалната самоуправа. За истакнување е желбата кај наставниот кадар за перманентно доусовршување во сите сфери во современото работење. На секоја покана упатена кон нашето училиште за професионален развој на наставниот кадар, Наставничкиот совет одлучува за наставникот или тимот на наставници кои ќе ја посетуваат дадената обука.

14.2. Активности за професионален развој

Наставниците континуирано стручно се усовршуваат заради подобрување на стручните способности и давање на поквалитетни образовни услуги. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари и обуки организирани од страна на БРО, проектот за модернизација на образованието како и други обуки понудени од БРО и МОН во врска со новите наставни програми за предметите математика и природни науки кои ќе се реализираат по ,,Cambridge international examination centre“ како и други проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации.

Стручната служба ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, дисеминацијата од обуките како и потребите за стручно усовршување и води педагошки картон за наставникот.

За секоја организирана обука, семинар, работилница од која имаат потреба наставниците, се изготвуваат акциони планови за истите, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој што овозможува спроведување на современа и интерактивна настава.

14.3.Личен професионален развој

Секој наставник индивидуално според своите мотиви и можности го усовршува своето образование во повисоките образовни институции со што ненаметливо ги пренесува искуствата и новите стекнати знаења во образовниот процес. Постојано се следи напредувањето на наставниците, се вреднува нивниот труд преку однапред подготвени интерни критериуми, се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување, следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. Се планира и активно се зема учество од страна на наставниците и вработените на понудени обуки од еколошката програма. Секој наставник кој посетува обука, семинар, задолжително врши дисеминација од посетената обука со цел и останатите наставници да добијат сознанија кои ќе ги применуваат во наставниот процес и ќе придонесе за за негово подобрување.

14.4. Хоризонтално учење

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови, работилници. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

14.5.Тимска работа и училишна клима

Како една од најважните карактеристики на современиот свет која е предуслов за успех е поединецот да учествува во тимска работа. Тимската работа се третира како синтеза од индивидуални и колективни идеи, концепција која се прифаќа глобално а се реализира индивидуално. За успешна тимска работа важна е интерперсоналната проблематика на тимот. Поаѓајќи од фактот дека тимот е динамичен, жив, интерперсонален состав, неговата интерперсонална проблематика во нашето училиште може да се разгледува од повеќе аспекти: меѓусебно припаѓање на наставниот

кадар на одреден тим, меѓусебна соработка, меѓусебна редовна комуникација, нивно меѓусебно прилагодување и меѓусебно доживување.

15. Вклученост на семејствата во училиштето

Училиштето организира соработка со семејството преку активно вклучување на родителите во подрачјата на воспитно-образовната дејност, соодветно на нивните интереси, стручност, желби и можности.

Родителите имаат право системски да добиваат информации за работата и животот во образованието каде што се вклучени нивните деца, да се запознаат со постигањата, успехот во наставата и другите активности, со проблемите, условите за работа, да учествуваат во реализација на одделни содржини и сл.

Основна причина за активната партиципација на родителите во училиштето е верувањето дека сето тоа е корисно и има позитивни ефекти, односно овозможува ученикот да учи повеќе и да постигне подобри резултати.

Семејството како средина на ученикот потребно е да обезбеди добри услови на социјален и психолошки развој на детето, додека училиштето како единствен посредник на контакт со семејството потребно е да обезбеди долготрајна, ефективна партиципација.

Модели на соработка во нашето училиштето се:

- Неформална и формална комуникација
- Активности на родителите во училиштето
- Педагошко-психолошко образование на родителите

15.1 Неформална и формална комуникација

Овој модел на соработка најчесто се остварува преку следниве форми на соработка:

- изготвување програма за соработка на училиштето со родителите
- непосреден контакт на наставниците со родителите
- непосреден контакт со педагошкото водство
- редовна комуникација
- писмена комуникација
- катче за родители

- библиотека за родители
- огласна табла
- билтен
- ден за посета на родителите во училиштето
- посета на домови
- родителски средби
- групни разговори
- извештаи
- прирачник за родители
- приредби, прослави, свечаности организирани од училиштето

15.2 Активности на родителите

- работа со Советот на родители во училиштето
- учество во органи на управување на училиштето (училишен одбор)
- активности на родителите во животот и работата во училницата

15.3 Педагошко-психолошко образование на родителите

- информации - сервисни услуги (ментално-здравствени, советодавни, раководни сервиси)
- едукација на родителите (стекнување на основни знаења за образованието и воспитувањето на своите деца).

Советувањето на родители се реализира согласно Законот за основно образование, во првиот дел се повикуваат родители на ученици кои направиле 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци, вториот дел се однесува на родители чии деца имаат повеќе од 3 слаби оценки и третиот дел се советуваат родители чии деца се со проблематично однесување.

16. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

16.1. Соработка со локална заедница

- Активно вклучување на училиштето во соработка со средината во кое е лоцирано, нејзино информирање за постигнатите резултати, присутните состојби, проблеми, како и други разни видови соработка почнувајќи од родителите како најзаинтересирани субјекти за работа научилиштето, преку други установи, институции од областа на образованието, културата, стопанството до разни организации и органи.
- Се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка.
- Целта е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.

16.2. Институции од областа на културата

Се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.

16.3. Институции од областа на образованието

Се планира соработката со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и др. Се дефинираат формите на соработка.

16.4. Невладини организации

Невладините организации со кои соработува училиштето и активностите кои ќе ги спроведе училиштето, пр. Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др. предвидува со акциски план.

16.5. Здравствени организации

Здравствените организации со кои соработува училиштето заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: медицински центар, центар за социјални грижи, фонд за здравство. Исто така се предвидува и акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците, со одговорни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи.

16.6. Медиуми (со цел на промоција на училиштето)

Локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и др. со кои соработува училиштето: ТВ куќи, Битолски весник.

16.7. Родители

Со цел родителите да бидат целосно информирани за работата и активностите во училиштето достапна е веб-страната на училиштето WEB: http://oustivnaumovbt.edu.mk/; електронски дневник за родители, фејзбук групи,вибер групи, е-маил.

17.Интеграција на еколошка едукација во воспитно-образовниот процес

ПОВРЗУВАЊЕ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Училиште ОУ „Стив Наумов“ Општина Битола

Учебна година 2019/2020

(одделенска/предметна настава)

I. ТЕМА: ВОДА

Еколошки содржини		Предмет	Одделение	Наставна содржина	Број на часови	Време на реализација
1.	Значење на водата за живиот свет	**Физичко и здравствено образование**	7	Увежбување на техниката на брзо трчање .	1	Септември
		Македонскијазик	8	Писменавежба-одлетниотраспуст	1	Септември
		Природни науки	2	Игра риболов	1	Декември
		Музичко образование	6	Музичко изразување и творење	1	Април
		Час на одделенската заедница	5	Работилница „Вода“	1	Мај
		Природни науки	4	Водата е неопходна за живот	1	Јануари
		Биологија	7	Водни честички и нивна важност за живите организми	1	Јануари
		Историја	6	Најстарите цивилизации	1	Октомври
		Хемија	8	Разделување на смеси (филтрирање на вода)	1	Декември

2.	Извори на вода и нивна искористеност					
3.	Загадување на водата	**Географија** **Германски јазик** **Ликовно образование**	9 6,7,8 9	Загадување и заштита на воздухот и водите Сликање колористички вредности	1 3 1	Мај Октомври Декември
4.	Рационално користење на водата	**Општество** **Англиски јазик** **Математика** **Техничко образование**	1 5 7 5	Јас и другите Изработка на упатства за рационално користење на водата- проект икт Мерење и решавање проблеми (Решавање текстуални проблеми од мерење) Конструкција на модели на енергетски претворувачи (воденичко тркало и ветерница)	1 1 2 2	Ноември Декември Ноември Мај
5.	Обезбедување на техничка вода					
